# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 1999 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г. Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Златко Стојменов, Александар Талевски, Борче Сибиновски, Бранко Црвенковски, Илија Георгиев, Димитар Бузлевски, Илија Иловски, Драган Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г. Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

68 пратеници гласаа "за", воздржани нема, а 2 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за слободни економски зони, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа "за", 5 се воздржани и 4 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за залог на подвижни предмети и права, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници се произнесоа "за" предлогот, 1 е воздржан и 1 е против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 339 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија", со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници се изјаснија "за", 3 се воздржани а против нема.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и не одложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор министерот за финансии, како претставник на Владата г. Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани дами и господа.

Ние веќе со Грција развиваме брзи економски односи. Во тој контекст веќе случен Договорот за купување на ОКТА, меѓутоа заедно со тој договор, со грчката страна се договаравме за изградба на нафтоводот Солун - Скопје.

Со оглед на тоа што сакаме таа инвестиција многу брзо да се изгради, се наметна потреба од создавање правна рамка, односно правни предуслови за отпочнување на изградбата на тој голем инвестиционен објект.

Затоа бараме тој закон да се донесе во итна постапка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претставникот на Владата г. Борис Стојменов, министер за финансии.

Предлогот на Владата по овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

58 пратеници гласаа "за", 5 се воздржани, а 13 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската Инвестициона банка, по договор за кредит.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

Има збор г. Стојменов, како претставник на Владата.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пртеници, дами и господа.

Со Европската Инвестициона банка веќе постојат аранжмани и тоа аранжмани - кредит за изградба на автопатот Скопје - Гевгелија и кон Тетово. Со оглед на тоа што еден кредит е веќе искористен во износ од 70.000.000 евра, тој кредит треба да изнесува некаде 150.000.000 евра, со оглед на тоа што работите се во тек и имаме веќе создадени обврски кај градежните претпријатија за изградба на овој пат, се наметнува потребата за брзо склучување на договори со ЕИБ и добивање на тие средства, што се предвидува да се направи, веќе во сабота доаѓа ЕИБ.

Од тие причини, заради потребата на средства на Македонија, барам овој закон да се донесе по итна постапка. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер за финансии.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

76 пратеници гласаа "за", 2 се воздржани и 2 се против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со: Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, заменик на претседателот, членови и заменици на членовите на Државната комисија за избирачкиот список; Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници; Предлог на одлука за избор на членови на управните одбори на Јавните здравствени организации, Медицински центар - Гостивар, Здравствена станица "Железара" - Скопје и Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

Предлогот на одлуките ви се поделени.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата.

66 пратеници гласаа "за", 8 се воздржани, 7 се против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за надворешна политика предлага Собранието на оваа седница да не ги разгледува: Предлогот за донесување на закон за ратификација на конвенцијата за укинување на присилна работа, со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот Протокол за супстанците што ја оштетуваат озонската обвивка усвоен во Монтреал (15-17 септември 1997 година), со Предлог на закон; Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за перење на пари, откривање, заплена и конфискација на имотна корист прибавена со кривично дело, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Израел, со Предлог на закон, бидејќи Комисијата не ги разгледала заради тоа што на седницата не присуствувал претставник на Владата.

Ве молам да гласаме по предлогот на Комисијата.

61 пратеник гласаа "за", 2 пратеника се воздржани, а 13 се против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Во тој случај, Комисијата да ја свика седницата во наредниот период за да можат точките да бидат ставени на наредната седница.

Господинот Стојановски, пред утврдувањето на дневниот ред, бара процедурално.

Повелете г. потпретседателе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, предлагам пред да се утврди дневниот ред да донесеме едно правило, како ќе работиме надвор од општите правила од Деловникот, а тоа се состои дека за дискусија по секоја точка од дневниот ред или ако се работи за амандман да се говори еднаш и говорот да не биде повеќе од 5 минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Според Деловникот, доколку предлогот на г. Стојановски го поддржуваат уште 10 пратеници, јас сум должен да го ставам на гласање.

Ќе ве молам, дали 10 пратеници го поддржуваат предлогот на г. Стојановски? (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека има повеќе од 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот.

Според тоа, ќе ве молам, предлогот на г. Стојановски го ставам на гласање.

Господинот пратеник Никола Поповски бара процедурално во врска со овој предлог.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во име на пратеничката група барам да се почитува Деловникот, во кој ограничувањето на правото на јавување и должината на дискусијата не се утврдува генерално за седница на Собранието на Република Македонија, туку за секоја точка на дневниот ред поодделно.

Што значи дека не може да има гласање, ми се чини и дека треба за секоја точка да се бара. Ако не е тоа така би молел помош од секретарот да ја прочита деловничката одредба, врз основа на која ќе се гласа.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

Согласно членот 107 од Деловникот за работа на Собранието се вели "по предлогот претседателот или од еден пратеник, доколку го поддржуваат 10 пратеници, на седницата може да се одлучи говорник по исто прашање да може да говори само еднаш, како и да се определи времето на траењето на говорот".

Никаде во Деловникот не е регулирано дека тоа како предлог не може да се постави и за сите точки на дневниот ред. Нема никакво ограничување.

Јас колку што разбрав, потпретседателот го постави предлогот да биде за сите точки на дневниот ред. Доколку сакаме да ограничиме само една точка, таков предлог би требало да поднесеме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Слушнавме што е запишано во Деловникот.

Сега треба да се произнесеме по предлогот на г. Стојановски.

Повторно бара збор деловнички г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Согласно Деловникот би сакал во име на пратеничката група на СДСМ, да се изјаснам како ќе гласаме, дозволувате се разбира.

На минатата седница мислам дека се направи, г. претседателе еден преседан, во врска со начинот на работа на седницата, кога по дискусија по точките на дневен ред се усвои ваков заклучок, за една од точките на половина од расправата, со што некои пратеници се доведоа во нерамноправна позиција, некои пратеници, на што укажавме.

Денеска се предлага, мислам генерално нов начин на работа на Собранието, а тоа е Собранието во суштина да работи како гласачко тело, а не како тело за дебата, како што заслужува да биде еден Парламент.

Ограничувањето што се прави по исклучок, ако се сведе на правило, а тенденцијата очигледна е да се сведе на правило, по дневен ред од 20-тина точки да се униформира ваквиот деловнички исклучок по некоја точка, очигледно оди во насока Парламентот да не го претвори во тело каде што ќе се расправа и ќе се води дебата, туку да го претвори во тело каде што може човек да се произнесе само во рок од пет минути.

Согласно со тоа би сакал да дадам еден пример дека, Вие само се ставивте на дневен ред точка за закон по итна постапка, на пример закон што не е виден во ниту една комисија, а пратениците го добиваат на лице место и кој тежи по наши видувања, повеќе од милијарда долари. На пример, Законот за ратификација на билатерален договор помеѓу Македонија и Грција за изградба и управување со нафтовод, закон врз основа на кој ќе се гради нафтовод, низ кој во наредните години ќе течат финансиски трансакции вредни повеќе од милијарда долари. И сите други.

Сметаме дека се работи за сериозно ограничување на демократското право на избрани пратеници на слободни избори, да настапуваат во Парламентот со свои ставови што некогаш не можат да се сведат на пет

минути, а никако не можат по правило на седница да се сведат за секоја точка на пет минути.

Затоа ќе гласаме против, затоа што сметаме дека ова не само што е наспроти демократијата туку добива и анти демократски размери.

Воедно, како координатор на пратеничката група би сакал да посочам или не да посочам, туку да вложам остар протест против ваквиот тренд Собранието да почне да се сведува на државен орган, во кој со дискусија од само пет минути по еден пратеник, во кое време не може ни вовед за сериозни закони да се даде, ќе се сведе на механизам на гласање, што мислам дека е анти демократски. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Никола Поповски за укажаните сугестии.

Дали некој друг бара збор во врска со ова прашање.

Процедурално г. пратеник Љубен Пауновски побара збор.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Околу ова прашање станува збор за по ефикасно функционирање на Парламентот, односно работата на седниците, затоа што по многу точки од дневниот ред и од ова искуство и од искуството во сите овие години се покажува дека во дискусиите независно од темата сите ние знаеме да отстапиме и да дискутираме по половина час, нешто што нема суштинска врска со самата тема. Тоа се некои дискусии кои некогаш за некои многу битни прашања можат да ни одземат и денови. Така што тоа е личен однос кон работата на Парламентот. Меѓутоа, сепак станува збор за предлог кој е во функција на по ефикасното работење на седниците, Тоа е едната работа.

Втората работа, 5 минути е сосема доволен термин доколку човек се задржи на суштината, на смислата на темата и доколку својот став така го срочи и така го изнесе пред Парламентот.

Конечно третата работа што сакам да ја предложам во контекст на сето ова, мислам дека се доволни 5 минути, меѓутоа сепак во интерес на искажување на некои по дефинитивни ставови на целината на пратеничката група да речеме координаторите, можат да добијат и малку повеќе можност да речеме 8 минути за да можат и во целина некои дообјаснувања во име на пратеничката група да изнесат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагачот на предлогот г-динот Томислав Стојановски повторно побара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ја прифаќам сугестијата и може да биде така за координаторите на пратеничките групи, 8 минути е доволно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По ова прашање г-динот Петар Гошев побара збор.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Нај ефикасно би било веројатно на една минута да се ограничи дискусијата, или на 30 секунди, меѓутоа тоа не е тоа.

Ние сме против, апсолутно против ограничување на дискусијата.

А оние што излегуваат од дневниот ред, што не дискутираат за дневниот ред, тоа едноставно претседателот на Собранието може да го реши, ќе ги исклучи, ќе им го одземе зборот и тоа право тој го има ако не дискутираат по дневниот ред. И на тој начин ќе се рационализира се разбира дискусијата.

Навистина нема смисла да се ограничуваат дискусиите на овој начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор процедурално по ова прашање.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Мислам дека предлогот на потпретседателот на Собранието за пратеничката група, како и впрочем и претходниот дискутант е не прифатлив.

Предлагам Собранието навистина да не го прифати ова, иако имате мнозинство и може по тоа да се гласа. Но, да се ограничи на пет минути дискусијата во Парламентот, мислам дека е нон сенс. Ние сме пратеници избрани од народот и треба да кажеме она што мислиме да го кажеме. Сигурно ако сме паметни ќе го кажеме по кратко, но некогаш прашањата се такви и во ова Собрание така треба да се расправа и навистина ограничувањето на пет минути може да се каже дека би било анти демократски метод и начин на расправа во Парламентот. Се согласувам дека по поодделни прашања, впрочем и порано како што сме расправале по поодделни точки дискусијата може да се ограничи на пет, десет минути но тоа за секоја точка посебно се гласа. А начелно ние сега да донесеме заклучок дека во Собранието повеќе од пет минути не може да се дискутира, тогаш ние освен да гласаме, или да измислиме техника, тука да ги ставиме овие картички и да гласаме. Само така, друго ништо не ни преостанува. Затоа предлагам во име на пратеничката група на

ПДП, да не се прифати овој предлог на потпретседателот. Не знам од кои причини тој тоа го предлага.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По ова прашање сака да се произнесе и г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам претседателе, иако ставот на пратеничката група го изнесе г-динот Сабриу, јас бидејќи бев пријавен ќе морам да го кажам сега мојот личен став кој апсолутно е во согласност со ставот на пратеничката група и длабоко сме убедени дека со ова се скратува едно елементарно право на пратеникот да го изнесе својот став. Во крајна линија вчера веќе помина на Влада ние дури да бидеме професионални. А што е нашата работа освен овде да изнесуваме ставови и размислувања за одредени точки кои што ги тангира граѓаните на Република Македонија. Најмалку што требаше да се направи ако воопшто беше констатација дека оваа седница треба да трае пократко, за тоа требаше да се консултираат сите пратенички групи и тоа да биде заеднички став на сите пратенички групи, дека оваа седница треба да трае пократко. Но, вака со едно гласање да им се ускратува право на пратениците да ги искажат своите ставови, мислам дека апсолутно е не прифатливо. Ќе гласам против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот пратеник Ѓорѓи Спасов сака да се произнесе по ова прашање.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еден ваков предлог од страна на мнозинството на владеачката коалиција во Парламентот можеше дури да се очекува.

По бројните дебати во овој парламент кога СДСМ најде единствено место, во услови кога му е забранет пристапот во државните медиуми да ги изнесува своите аргументи, против сето она што го прави оваа Влада и пратеничкото мнозинство може да се очекува да дојде предлог да се ограничи дискусијата и во Парламентот само на пет минути и со едно јавување. И ова го сметаме навистина за голем удар врз слободата на говорот на пратениците во Парламентот. Говорникот, односно предлагачот на овој предлог не кажа дали овој предлог ќе важи само за оваа седница и само за овој дневен ред или ова ќе стане правило пред секоја седница парламентарното мнозинство со сопствените гласови да го ограничи правото на опозицијата, да говори во овој Парламент. Ако е предлогот само за оваа седница како што вели Деловникот, тогаш е прашањето зошто токму на оваа седница треба да се ограничи правото на пратениците од опозицијата да говорат само еднаш и само по пет минути. Дали можеби затоа што на дневен ред денеска се наоѓа под итна постапка токму ратификацијата на договорот со ОКТА, односно за продажбата на ОКТА и дали некој не сака да слушне можеби непријатна вистина во врска со таа продажба на македонската Рафинерија.

Од таму остро протестираме и сметаме дека ова е увод во воведување на една диктатура на парламентарното мнозинство, увод во ограничување на слободата на говорот на опозицијата, увод во еден тоталитарен систем, кој што навистина нема преседан во парламентарната демократија.

Ние ќе гласаме против и остро ќе протестираме и ќе ја известиме меѓународната јавност за ваквиот начин на однесување на владиното мнозинство во Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Морам да констатирам дека ова е еден изненадувачки предлог и тоа од партија која се сеќавам во првиот мандат имаше говорници кои зборуваа по два до три часа и тогаш тоа беше пример за демократија во Република Македонија, а сега кога се владеачко мнозинство во Парламентот, сега им смета слободната дебата и слободниот говор на народните претставници. Мислам дека со ваквиот начин и со другите активности практично се создава еден систем, во кој се прави обид да се замолчи опозицијата макар и со кратењето на времето на нејзиното говорење. И не знам дали ова можеби е некаков страв од јавноста.

Парламентот е највисокиот претставнички орган во една држава. И ако тука ние не ги кажеме своите идеи, своите политички пораки, не знам каде можеме тоа да го сториме.

Мислам дека ова е голем пропуст на самата партија и мислам дека самите тие треба да го повлечат во интерес на демократијата, во интерес на демократијата во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Димитар Баткоски.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, по овој предлог сакам да се изјаснам.

Имам впечаток дека со овој предлог како да се работи само за ограничуваше на претставниците, односно пратениците од СДСМ или од ПДП. Ова ограничување ако ние го усвоиме, ние сепак не знаеме како ќе биде тоа гласање, тоа ќе важи за сите пратеници овде и за позицијата и за опозицијата.

Сакам да кажам во врска со предлогот на пратеникот Стојановски, односно неговата дискусија така да ја наречам и неговото изјаснување баш напротив нашите гласачи, овој народ што не посматра бара еден по ефикасен Парламент. И замислете просто ова барање што можеби требаше да уследи многу порано, затоа што ние само за една точка да ја усвоиме потребни ни се два дена и пак да не се изјасниме и да не донесеме никаков заклучок.

Од тие причини сметам дека овој предлог треба да го прифатиме. Никој не треба да се најде навреден најмалку опозицијата, затоа што во крајна линија сето тоа ќе оди во прилог на целиот наш Парламент, а и на сите избирачи во нашава држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Јас би сакала да кажам дека предлозите кои што овде се аргументираат како предлози, за да Собранието работи по ефикасно, мислам дека се недоволни. Јас претпоставувам дека наредниот пат по еден, два месечно работење на Собранието на овој начин некој од пратениците од партиите на власт ќе донесе уште подобра, или ќе предложи уште подобра одлука заради по ефикасно работење на Собранието да ни се праќаат материјалите на домашна адреса и ние после тоа повратно да ги соопштуваме по писмен пат нашите гласања, тогаш Собранието навистина ефикасно ќе работи, бидејќи нема ни да заседава. Ваквите квази аргументи за ефикасно работење на Собранието на Република Македонија, мислам дека во најмала рака се не сериозни и тие зборуваат од една страна за сериозна опасност, или за сериозен страв од страна на пратениците во парламентарното мнозинство, поради начинот на кој што се водеше ова Собрание, поради неможноста да се одговори на некои од барањата на опозицијата, поради неможноста да се одговори на некои од прашањата кои што беа поставени од опозицијата, поради неможноста да се спротивстават контра аргументи на аргументите дадени од опозицијата и тоа е веќе сосема јасно и македонската јавност веќе има таков впечаток за работата на ова Собрание.

Меѓутоа, она што сега се предлага или дури и понатаму, оди на комплетно претворање на Собранието во гласачка машина, во која што дури нема да имаат време претставниците на парламентарното мнозинство дури ни да ги прочитаат своите реферати. Јас се согласувам дека тука подеднакво ќе бидат хендикепирани како и пратениците од опозицијата, меѓутоа апсолутно се губи било каква оправданост на постоење на ова Собрание, Собрание кое што расправа, или би требало да расправа за вакви значајни документи. Точно е овде дека најповеќе збунува личниот, беше споменат личниот однос кон работата на Собранието. Овде има пратеници и од едната и од другата страна и од парламентарното мнозинство и од опозицијата, кои што имаат веќе искуство во претходните мандати на работата на Собранието и точно е тоа дека голем дел од нив зборувале на оваа или претходната говорница со часови. Во тој момент тие немале ваков личен однос кон Собранието, туку сметале дека имаат право, имаат обврска своите ставови во соодветен временски период да ги соопштуваат пред микрофоните на говорницата. Денешнава расправа ќе се претвори во лицитирање, што уште повеќе мислам дека зборува за нивото на ова Собрание дали ќе биде пет минути или осум минути, мислам дека е навистина скандалозно ова што се случува денеска и она што го предлага како некој компромис, очигледно предлагачот.

Меѓутоа, факт е дека дури и ваквиот предлог доколку помине и доколку парламентарното мнозинство навистина не размисли за последиците на ваквиот чин, дека Собранието не што нема да работи по ефикасно, туку ќе се претвори во еден циркус, во кој што дискусиите наместо да се водат по точка на дневен ред, ќе се водат по милион амандмани кои што ќе бидат поднесувани практично на секоја реченица. Во таа дискусија секој ќе може да се јави дури и за пет минути да каже како ќе гласа, ќе направиме хаос од Собранието, апсолутно не ефикасно, а притоа демократичноста ќе биде дефинитивно избркана од овој законодавен дом.

Токму поради тоа мислам дека треба навистина и предлагачот и покрај досегашното и мое и наше искуство со неговите предлози и начинот на водење на седницата, да размисли одговорно навистина и за предлогот и за однесувањето на парламентарното, да не се случи наредниот пат кога ќе дојдеме овде да се предложи, пратениците од опозицијата да не влегуваат во собраниската сала и тоа да се усвои,

бидејќи бројките се такви какви што се.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во врска со ова прашање процедурално.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Бидејќи во однос на математиката, тука има можност да не дојдеме во состојба да ги искажеме до крај нашите мислења.

Јас во врска со овој предлог сакам да изнесам, всушност да ги подржам предлозите што беа тука, во смисла дека не би требало да има ограничување на времетраењето на дискусиите. А тоа што го предложи г-динот Гошев е сосема практично, а и деловнички стои.

Точно е тоа дека понекогаш некои пратеници ја злоупотребуваат говорницата и искажуваат некои работи не сако за позицијата, туку и за нас се веќе, еве нека се каже, претерани работи. Но, мислам дека има начин за тоа. Претседателот и претседавачот може да го прекине во такви ситуации.

Инаку тоа што некој ја злоупотребува говорницата, или има шанса да ја злоупотребува е самата работа на Деловникот и мислиме дека има што во него да се дотерува, има што во него да се промени и се надеваме дека сите забелешки, сите тие работи што ќе го ефектуираат и ќе го рационализираат нашето излагање, во смисла на порационален пристап кон сите проблеми и дури други проблеми, мислам дека со новиот Деловник ќе треба да се решаваат. Тогаш ќе пристапиме и ќе работиме веројатно по тој нов Деловник.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор, г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине претседател, јас сакам навистина да го замолам почитуваниот колега Стојановски да го повлече предлогот, бидејќи со предлогот за пет минути ограничување на дискусијата на пратениците мислам дека се доведува во прашање не само суспендирањето на Парламентот, туку неговата супремација така да кажам во однос на извршната власт во Република Македонија. Напротив Собранието се доведува во подредена ситуација на Владата, бидејќи за пет минути практично се овозможува само гласање по предлозите на Владата, за или против.

Сакам само да Ве потсетам дека Македонија поминува практично во еден период на детските болести на парламентарната демократија. Имаме осум години зад нас, деветта година и би било ова сериозен удар врз парламентарната демократија во РМ. Не сериозен е предлогот на г-динот Стојановски, бидејќи да беше навистина некој предлог за 10, 15 минути во кој временски интервал можат да се искажат тези, да се спротивстават тези на позицијата, опозицијата можеби ќе ми изгледаше разумно. Вака мислам дека е само насочено кон суспензија на Парламентот и негова апсолутна подреденост на извршната власт во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-дин Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, мислам дека повторно се продолжува со опструкција, со обид да се изврши опструкција на работата на Парламентот, бидејќи јасно и децидно беше прво барано дека ваквиот предлог не е во согласност со деловникот.

Кога се увиде дека деловнички тоа може, сега се прави обид пред јавноста пред се да се презентира дека ова е сериозен удар на демократијата во Македонија, дека се врши узурпација на демократските права. Меѓутоа со овој начин на ограничување на дискусиите секако е предвидено во Деловникот и штом тие што го донесувале тој Деловник, го предвиделе дека може да се ограничи времето на дискусија, тогаш зошто и во одредени ситуации тоа и да не се практикува, особено кога очигледно е дека пратениците од СДСМ и останатите пратеници од бившата позиција, дека се обидуваат на сите можни начини да извршат опструкција во работата на Парламентот, а тоа се гледа. Веќе имаме две прекинати, недовршени седници, имаме денес една седница која што е со обемен дневен ред. Сите ние знаеме, а знаат и колегите пратеници од опозицијата дека ако се продолжи со 3, 4 часа дискусија околу донесувањето на дневниот ред, па потоа околу точките на дневниот ред, сигурно оваа дискусија не може да се заврши во еден временски период, барем најмалку од три дена.

И затоа мислам дека е илузорно да се убедуваме дека со ограничувањето на дискусиите се ограничува и демократското право на изјаснување на секој од нас пратеник, дека ова е во функција на ефикасно и брзо работење на Парламентот. Мислам дека ова треба да се прифати и ние да работиме деловнички, онака како што предвидел Деловникот. Нема потреба да се плашиме од закани дека тоа ќе биде изнесено пред меѓународна јавност, затоа што јасно и гласно стои во деловникот, имаме право да работиме на овој начин и ние

мора да работиме ефикасно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ристевски Љупче.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-ѓа Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе на Собранието на Република Македонија, колеги пратеници.

Мојата дискусија ја има за исклучива цел да Ви се обратам Вам. Кога се качивте на ова високо место, г. претседателе на Собранието на Република Македонија, дадовте некои ветувања и тие ветувања сметам дека Ве обврзуваат ако сте човек од збор.

По повод на Вашиот инаугурален говор, зборот демократија се појавуваше по фрекфентно од запирки и точки во тој говор. Ветивте отворање на овој највисок претставнички дом. Ветивте дека тој ќе биде дом на сите граѓанки и граѓани на Македонија и ветивте дека процесите на демократија овде непречено ќе течат.

Сметам дека овој ден е тажен ден за демократијата во Република Македонија, дури по тажен од она што се случи на претходната седница и сакам да ве замолам како човек кој што има мандат да ги обединува мислењата во овој Парламент, како човек кој што има мандат да става ред во работата на овој Парламент, тоа и да го сторите.

Инаку, сакам да Ве потсетам, г. претседателе, дека ние работиме по стар Деловник, кој што практично потекнува од претходниот систем. Ако навистина сакате да ставите ред во ова Собрание, ако навистина сакате да работите по принципите на парламентарната демократија, тогаш ве молам актите кои што се синакванон за работа на ова Собрание, да ги донесете. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за сугестиите на госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

Јас не гледам дека можам да узурпирам било чие право на пратеник. Јас сум пратеник како и сите вас овде. Јас сум пратеник да го почитувам Деловникот и да постапувам по Деловникот. Според тоа, јас не сум чувар на демократијата. Секој од нас е чувар на демократијата. А, демократијата, бара пред се, процедура. Инаку, таа не би била демократија. Јас не сум виновен што таа процедура сме ја усвоиле и по неа работиме. Дали јас ќе гласам за овој предлог или нема да гласам, тоа е мое демократско право како поединец. Но, верувајте, со ништо не ја злоупотребувам демократијата. Напротив, би ја злоупотребил демократијата ако сега го ускратам правото на било кој пратеник да предложи, а 10 можеби скоро 20 раце се кренаа го поддржаа тоа.

Според тоа, Ве молам, да не ми се префрла мене како на претседавач. Дали потоа ќе вршам консултација со пратеничките групи, како тоа ќе го усогласуваме, пак е тоа право на пратениците.

Затоа, јас сакам овде да ви дозволам на секој од вас да се произнесе, како што е во Деловникот. А, да се покрене постапка се сложувам и да се промени тој Деловник да одиме на нов Деловник и т.н. Но, повеќе како еден мој коментар на ова излагање.

По ова прашање збор има г. пратеник Карангелевски Радомир.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги.

Јас не мислев да се јавам, бидејќи очигледно е дека еден ваков предлог треба да се донесе, со оглед на она што ни се случуваше на изминатите седници, меѓутоа, како пратеничка група ќе гласаме за предлогот на потпретседателот Стојановски, а малку ќе образложам зошто така ќе гласаме, не прејудицирајќи дали се тоа 5, 8 или 10 мин. Меѓутоа, сме за предлогот да биде еднаш јавувањето и да се ограничи. Зошто? Спомнати се тука многу тешки зборови, циркус, диктатура, удари и т.н., весници, па весници повеќето од опозицијата имаат свои весници од шесте дневни весници на четири весници кои што се од позицијата и малку нелогични работи се кажуваат на оваа говорница. Меѓутоа, Деловникот е донесен на почетокот на деведесеттите години и ние го почитуваме, воопшто не сме излезени од Деловникот.

Второ, примерот каде што на три седници не можеме да завршиме една точка на дневен ред, заправо заради тоа што еден пратеник се јавува по 5, 6 или 10 пати, неограничувајќи го својот говор на 2, 5, 10 или 30 минути и народот, граѓаните на оваа наша земја реагираат и верувајте ми во нашата пратеничка група, се јавуваат неколку пати по телефон и прашуваат дали вие нешто работите или конкретно беше по Извештајот за актуелната состојба во МРТВ, или само ќе зборувате за МРТВ извештај од три дена на седниците. Значи, обратни се освртите на она што граѓаните, гледајќи ја ефективноста на ова Собрание, отколку ова што сега се користи како, морам да го кажам,

суспендирање на ефективното работење од страна на некои групи или пратеници.

Од тие причини нашата пратеничка група го поддржува предлогот, пак ќе повторам, не мора да се ограничи на 5, нека бидат 8 или колку ќе се договориме, меѓутоа, по еднаш да може секој пратеник да одговара. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Карангелевски Радимир.

Збор побара, претпоставувам по ова прашање, г. пратеник Дика Замир.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, колеги, пошто се работи за предлог на пратеник на оваа седница да се донесат ова што треба да се донесе, ние како пратеничка група ќе го поддржиме пратеникот, односно предлогот на пратеникот. Аргументите се дадоа дека со Деловникот нема пречки, а земајќи предвид ситуацијата во Република Македонија во сите сфери каде што треба ефикасност и итни решенија, за да се надминат тие проблеми, ние како пратеничка група ќе го поддржиме овој предлог, по што и така и така, нема да ја попречува работата што се однесува до точките од дневниот ред.

Мислам дека е доволно едно конструктивно јавување на еден пратеник, било од позиција, било од опозицијата. Уште да додадам дека ова се однесува на сите пратеници. Значи, и ние имаме право само по еднаш да дискутираме и сметам дека е тоа доволно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Замир Дика.

За збор се јави г. пратеник Андоновски Кирил.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Јас неколку пати станав во врска со процедуралните прашања, посебно во врска со говорењето на некои пратеници од опозицијата. Бидејќи тие често пати не се придружуваа на дневниот ред, односно на прашањето што е предмет на расправа. Се расплинуваме и се и сешто, дури и некои говореа и поставуваа прашања што, ама апсолутно нема врска со предметот на расправа.

Меѓутоа и претседателот и претседавачите, потпретседателите кога претседаваа, често пати заради демократичност им дозволуваа да зборуваат. Мислам дека една грешка е направена што не ги санкционираа уште тогаш и не ќе имавме такви проблеми досега.

Претседателот е еден од 120 пратеници, претседава со седницата, меѓутоа, нема одлучувачка улога. Па, така, да не ја префрламе вината на претседателот, туку да ја земеме кај нас вината. Постојат правни норми, кои треба да ги почитуваме и мислам дека, а има и пратеници кои што имаат доволно искуство, парламентарно и друго искуство дека, почитувајќи ги правните норми, се почитуваме самите себе и мислам дека и најлоши правни норми се подобри, отколку ако нема норми. Дали некому му е ускратено правото да зборува? Мислам дека не е ускратено и мислам дека за 5 мин. може да се каже се што сака да се каже, ама ако се придржува, се разбира за дневниот ред, односно за прашањето што е предмет на расправа.

Доколку се оди во поширока смисла на елаборирање на одредени прашања, сигурно и два саати беа малку, ние видовме од искуството од минатата седница.

Мислам дека овој предлог треба да го прифатиме, заради тоа што по ефикасно е да работиме, побргу да ги донесуваме оние закони кои што се неопходно потребни, за да функционира правната држава односно стопанството кај нас. Се надевам дека повеќе ќе нема дискусија по овој предлог и предлагам да гласаме и да се изјасниме. А, демократија е, верувам дека сите го знаеме и кога одлучува мнозинството. Не им е ускратено правото на оние што се во малцинство, да не учествуваат во одлучувањето. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Андоновски Кирил.

За збор се јави по ова исто прашање претпоставувам и господинот пратеник Абдулаи Алиу.

**АЛИУ АБДУЛАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека предлогот да се скрати само на пет мин. дискусија во Парламентот на Република Македонија не приличи на нас, бидејќи имаме постојано нови закони и ако и позицијата не се сложи со тоа да биде дискусијата само на 5 мин., ќе биде една грешка во Парламентот. Можеби не правна грешка, колку што ќе биде голема грешка морална, односно демократска грешка. Зашто, како можеме сега во ова време на човекови права да скратиме на човекот и да кажеме само 5 мин. имаш право да излезеш на говорница да зборуваш.

Посебно, бидејќи ова е генерално за целиот дневен ред, мислам дека не е добро и нема да не води на добро и нас и немаме

зошто да бидеме бирани од народот, ако имаме право само на 5 мин. Јас не мислев и денеска да излезам на говорница и малку ја користам оваа говорница, само мислам дека не е во ред 5 мин. за една точка на дневен ред. Тоа е многу кратко и велам јас ќе бидам против овој предлог. Ќе беше подобро предлогот да се повлече, да не доаѓаме во една ситуација да не гласаме или да се делиме по оваа точка од дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Абдулаи Алиу.

Господинот Нано Ружин побара збор.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, дами и господа, министри и пратеници.

Јас имам разбирање за пратениците од власта, бидејќи истото чувство во минатиот период ние го сакавме односно што помалку да траат дискусиите и луѓето да си ги земат парите и да си заминат дома.

Мислам дека ова е мошне сериозно прашање. Јас не би сакал да употребувам тешки зборови и квалификации, меѓутоа не би требало на таков начин да размислуваме во ова Собрание.

Мислам дека, секој пратеник согласно пратеничката теонтологија има право да зборува, па дури и да молчи пред микрофонот и молчењето е еден вид порака. Од друга страна реченицата, дали на некого му е ускратено правото да зборува, е мошне широка и би рекол противречна работа, затоа што имаме стотици и стотици системи со тоталитарни диктаторски и т.н. нијанси, каде што секогаш се поставувала оваа реченица: дали има некој право да зборува или дали некогаш на некого му се ускратувало правото на зборување. Самите знаете дека имаме случаи кога пратениците дури и читаат телефонски имeници за време на својот говор. Меѓутоа, што сакам да истакнам?

Мислам дека е мошне непријатно и речиси мошне сериозна забелешка на целата демократска јавност да се ускратува правото на пратеникот или да му се ускратува неговиот говор на 5 мин., односно 6 или 7 минути. Впрочем, тука се гласачите и тие самите ќе одлучат дали нивниот пратеник е досаден, дали бега од темата или не.

Конечно, она бегање од темата. Мислам дека постојат толку видови на логични нишки што со секоја реченица секогаш останете поврзани со темата, па дури тоа е една констатација, која што е можеби под знак на прашање.

Затоа, сметам дека овој Парламент како што работеше до сега, како што работеше во минатиот состав, би требало и овој пат да продолжи според истиот урнек, затоа што во тој случај секој ќе се праша што се случува тоа со Парламентот денеска. Ние имавме случај, на пример еве ќе Ви кажам, не сакам да го именувам пратеникот, доаѓаше човекот од овдека, ние мислиме дека завршува 3, 4 саат, ќе се качи на говорница еден или еден и пол час време го земаше вниманието на сите. Меѓутоа, издржавме и моравме да го почитуваме, затоа што тој е член на Парламентот.

Според тоа, мислам дека ќе биде голема грешка, доколку го ограничиме правото. Конечно имаме пратеници кои што се по двајца, тројца или четворица пратеници на една партија. Тие на тој начин би добиле да зборуваат 5, 10, 15 или 20 минути вкупно. Додека власта, мислам дека пратениците од власта би имале многу поголем квантитативен простор за разговор. Според тоа, мислам дека го ставаме малцинството на пратеници во многу неповолна положба.

Затоа, инсистирам да не се прифати оваа одлука. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ружин Нано.

Дали уште некој бара процедурално да се произнесе.

Повторно господинот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја го молам предлагачот господин Стојановски, да го формулира, барем да го комплетира предлогот.

Ако е ограничувањето на дискусијата на 5 минути, тогаш колку имаме право да говориме пред гласањето, како ќе гласаме, една и пол или пола минута.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, сугестија има, ќе се изјасни.

Господинот Оломан Сулејмани побара збор по ова прашање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, изгледа секој даде свое мислење со предлогот на господинот потпретседател на Собранието и јас нема да долговлечам многу.

Мислам дека се наметнува една опасна теза во Парламентот. Фактички скратување на опозицијата. Јас мислам дека опозицијата без разлика на чии партии припаѓаме, досега беше конструктивна во своето излагање во работата на Собранието.

Затоа сум против овој предлог, и мислам дека треба да водите сметка како претседател на Собранието, со вашиот коалиционен партнер, дека овој стил на работа е пред се, срам за Собранието и ние како претставници на нашите граѓани на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Оломан Сулејмани.

За збор се јавува пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Тито Петковски ме повика нешто да прецизирам.

Јас бев многу јасен, имаше едно јавување на господинот Пауновски и јас го прифатив, што значи дека нема што да се појаснува, што значи дека нема што да се појаснува. И еднаш да се јави за координаторот 8 минути, а за пратеникот пет. Не сакам да објаснувам повеќе. Ако некој од господата мисли. Проблемот е како ќе работиме на оваа седница. Дали ќе биде втора седница или ќе има потреба од трета или ќе биде само еднаш, ако водиме сметка дека поради една точка не чини седницата по 30, односно 40 илјади марки, нека некој најде оправдување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот потпретседател за неговата забелешка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не случајно предложив за одвивање нормален ред на работата на Собранието.

Ние според Деловникот имаме право на реплика од пет минути. Затоа и предложив. Ако се сведува нашето право на дискусија на пет минути, тогаш на колку ќе се сведе репликата и особено кога имаме право да се произнесеме како ќе гласаме, за кој временски интервал имаме право да го користиме предлогот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господин Мевљан Таири побара збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, сметам дека прашањето кое што се истакнува, не е само процедурално, туку навлегува и во доменот на работењето на Парламентот и на ефикасноста, односно правилноста на одлуките што ќе ги носиме.

Сметам дека ова прашање не би требало денеска ад кох да се нафрли пред нас и да одлучиме амблок за сите прашања кои што се поставени пред нас, односно на дневен ред, туку на ваква една одлука да претходи една консултација меѓу пратеничките групи, односно координаторите, па да се изнајде некој модус кој би бил прифатлив за сите пратеници, односно за сите пратенички групи.

Јас мислам дека би било прифатливо ограничување на дискусијата по одредени точки кои што не бараат поголемо елаборирање, во секој случај на денешната седница има такви точки на кои што навистина пет минути се малку време, за да се изнесе ставот и да се образложи евентуално некое друго видување.

Заради тоа јас предлагам предлагачот да го повлече својот предлог и за наредната седница пратеничките групи да направат обид да се договорат, како во иднина да се одвива работата на седниците, се во интерес на ефикасноста на работата на Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мевљан Тахири.

Петар Гошев се јави повторно за дискусија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се извинувам, но би сакал да кажам уште неколку реченици.

Овде нема пратеник, а нема ни Македонец што не ја знае онаа народната: "не му прави на другиот, тоа што не сакаш да ти биде направено". Добро ама, таа ја знаеме и ја повторуваме во секојдневниот живот, меѓутоа не се придржуваме на тоа, имајќи при тоа предвид еднаш едните им ги вадат очите на другите, друг пат другите им вадат очите на другите и затоа на Балканот има многу сплетки и затоа Европа како црна дупка не означува. Парламентот не е не ефикасен, заради тоа што дискусии се траат понекогаш навистина невкусно долго, Парламентот е не ефикасен, од една страна, затоа што понекогаш се дискутира надвор од дневниот ред, а претседателот тоа може да го санкционира ефикасно и никој не смее да се лути за тоа, но тоа е само едно парче што придонесува за не ефикасноста.

Парламентот е не ефикасен, заради тоа што ние пратениците не ги започнуваме седниците на време и покрај сите апели на претседателот и така натаму, заради тоа што често пати нема кворум Парламентот, а при тоа се разбира, има некој по одговорен што треба да го обезбеди кворумот на Парламентот. Парламентот е не ефикасен, затоа што не се обврзавме да направиме задолжително професионалци, сите членови

на Парламентот да бидат професионалци, да немаат по неколку занимања и т.н. Парламентот е не ефикасен, заради тоа што многу често се прескокнуваат повеќе фази во подготовката на точките на материјалите, што ги прескокнуваат расправите во комисиите ад кох точки од дневниот ред по итна постапка, без претходно да завршат долги, долги дискусии, пред да стигнат на гласање и дискусија во Парламентот.

Значи, Парламентот е не ефикасен и заради тоа што имаме една исклучително несреќна одредба која што вели - расправата треба да се одвива во присуство на 61 пратеник, што воопшто не е толку битно, бидејќи во безброј Парламенти расправата се одвива и пред пет пратеници. Значи, Парламентот е не ефикасен, повеќе заради тие работи, но дискусијата е дека треба да се донесе одлука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова покажува дека треба да се донесе одлука.

Ве молам, малку потскратете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Се бара да се донесе одлука за скратување на дискусијата, со целесообразност да се добие по ефикасен Парламент. По ефикасен Парламент на тој начин не се добива. Не ефикасниот Парламент зависи повеќе од овие нешта што ги спомнувам и веројатно и некои други што не ги спомнувам, отколку од ова прашање.

Затоа мислам дека, нема да биде воопшто добро да се прифати таква одлука, а најдобро е да не се гласа. Јас сум учесник од првиот Парламент и знам кога имало одлуки за скратување на дискусиите и никогаш не сум гласал за одлука, односно за предлог кој што значи скратување на дискусиите, без оглед дали сум бил во тој момент во парламентарно мнозинство или во парламентарно малцинство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев, за збор се јави повторно господинот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Се извинувам на Парламентот што се јавувам повторно.

Мора да констатираме дека се работи за суштинско прашање за демократијата за функционирањето на Парламентот. Целото образложение на предлагачот и другите кои го поддржаа овој предлог, се однесува заправо за ефикасноста на Парламентот.

Господа пратеници, сите ние или тие што повеќе се занимаваат со овој проблем, знаат дека ефикасноста на е доволна, туку треба ефективност, а тоа значи не мора да се мери ефикасноста на Парламентот, со брзината на донесување на еден акт, на еден закон, на една одлука, туку со квалитетот на одредена одлука на одреден закон донесена. Начинот на кој се предлага да се донесат законите и одлуките во Парламентот, без дебата, без дискусија, апсолутно нема да ме стави во ефикасните Парламенти. Напротив, постои реална опасност да се претвориме токму во не ефикасни Парламенти.

Господа пратеници, многу развиени демократии, многу познати Парламенти, стогодишни и стогодишна традиција во историјата на Парламентот зборуваат за тоа дека одредени пратеници, туку десет и дваесет часови зборувале пред Парламентот. И пред пратениците. Тоа апсолутно не ги сврстува во не ефикасни Парламенти. Напротив, нивното држење е познато по демокрацијата и постигнување.

Според тоа, да направиме напори првенствено од предлагачите, сите ние заедно да ја набљудиме оваа ситуација, во интерес на демократијата и во интерес на работата на Парламентот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Ризван Сулејмани, за збор се јавува господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас само сакам да дадам еден скромен придонес околу образложението, зошто ние како пратеничка група рековме овој случај ќе гласаме за предлогот да се лимитираат дискусиите, од неколку причини.

Прво, иако овде паднаа тешки зборови, доста патетично изречени, дека загрозена демократија, дека е суспендиран од Собранието и т.н., мислам дека воопшто не држат од неколку работи.

Прво, ние не воспоставуваме правило како што сака да се потенцира од опозицијата, туку ова е предлог кој се однесува само на оваа седница, од неколку причини.

Прво, сите сме сведоци дека со пролонгирање на дискусиите на некој начин се јавуваат не завршени седници, со што се доведува блокирање на работата на Собранието. Значи, ако постои блокирање, тоа е еднакво, рамно на суспендирање. Значи, ако спротивната страна ни префрлува дека сакаме да суспендираме, ние тврдиме дека блокирањето е суспендирано. Од една страна. Значи, тука ги изедначуваме работите.

Друго, мислиме дека ова се прави во период кога претстојат годишните одмори, значи период на не работа на Собранијата, што свесно знаат дека ќе дојде до пролонгирање на битни, значајни одлуки на ова Собрание, по овој дневен ред, тоа значи вториот аргумент.

Третиот аргумент мислам дека неопходно мораме да одиме на рационализирање на времето, токму заради тоа што се наоѓаме во еден ваков период. И,

Четвртиот аргумент што навистина мислам дека за пет минути човек може да каже најбитни работи и мислам дека не е неопходно пролонгирање. Евентуално, ако толку запнуваат, можеме да се доведеме и за еден подолг период тоа да биде 8 или 10 минути.

Мислам дека лимитирања во овој случај мора да се направат, инаку во принцип јас не се согласувам дека треба да биде како правило, да се воспостави во работата на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Попов за расправата.

Ни преостанува да се произнесеме.

Ќе ве молам дали сме за предлогот што го поднесе господинот потпретседател Томислав Стојановски, да гласаме.

За предлогот гласаа 60 пратеници, воздржани се двајца, 27 се против.

Според тоа, на оваа седница ќе работиме според предлогот, како што го предложи пратеникот Томислав Стојановски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, особено почитувани пратеници, колеги, како координатор на пратеничката група на СДСМ, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, имајќи ја предвид новонастанатата ситуација со гласањето во овој Парламент, која мислам дека не е во ред, барам пауза од 10 минути, согласно Деловникот, за да ја разгледаме новонастанатата ситуација како пратеничка група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас да го прочитам дневниот ред, па ќе дадеме пауза ако сакате да се произнесеме.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

На тоа има право пратеничката група, побара 10 минути пауза.

Доколку не се согласиме да го усвоиме дневниот ред, потоа да имаме пауза.

Доколку се прифати 10 минути пауза, од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ прифаќаме, јас ја молам пратеничката група јавно по 10 минути да седнат на своите места и точно да почне седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова покажува дека ние час и половина расправаме околу едно процедурално прашање.

Јас ве молам 10 минути пауза.

Точно во 13,00 часот да почнеме.

(Пауза од 12,50 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,10 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа, продолжуваме со работа, односно преминуваме кон утврдување на дневниот ред.

Збор побара пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, пратеничката група на СДСМ за време на паузата направи консултација во врска со новонастанатата ситуација во Собранието и ќе дозволите во време од 5 минути да го соопштам следното.

Пратеничката група на СДСМ оценува дека во Собранието на Република Македонија е направен сериозен преседан со ограничувањето на дискусијата, со што сметаме дека е ограничена можноста за слободно искажување на своите политички ставови, пред се на пратениците од опозицијата.

Исто така, констатиравме дека со најновата одлука на Собранието, времето кое е дозволено за дискусија, е изедначено со времето кое Деловникот го утврдува за реплика, 5 минути, што на своевиден начин говори за сериозната рестриктивност во дозволата за зборување, со што сметаме дека се врши мајоризација во Собранието.

Исто така, сметаме дека од овие причини одлуката, иако може да звучи дека е донесена по став на Деловникот, таа во суштина не е во духот на Деловникот и на Уставот на Собранието на Република Македонија, односно констатираме дека одлуката е не демократска и донесена во не демократски услови.

Одлуката исто така е насочена против можноста за дискусија, конкретно на оваа седница, по проекти кои се од сериозно значење и кои можат да влијаат на идниот економски и политички живот во државата, како што се на пример Договорот на државата со Хеленик Петролеум, кој е доста

контрадикторен, потоа Законот за претседател, за кој исто така дозволата за дискусија се сведе само на 5 минути.

Со тоа сметаме дека Собранието со својата одлука создаде не демократска атмосфера за работа во Собранието. Од тие причини, Пратеничката група на СДСМ во овој момент нема да учествува во работата на Собранието, како израз на протест, но и како израз на загриженост за состојбите со кои се соочува Собранието од страна на парламентарното мнозинство.

Ова ќе важи додека не се стекнат уставните и деловнички услови за законска и уставна работа на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Никола Поповски, и истовремено изразувам жалење што не учествуваат.

Збор побара господинот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Исто така, Пратеничката група на ПДП во консултација сега на паузата, одлучи дека навистина со овие проблеми кои тука ги дискутиравме се нарушува формулата на демократијата, заради тоа што не ќе бидеме во можност да ги кажеме нашите согледувања по одредени прашања и Пратеничката група нема да учествува на оваа седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Исто ми е жал што донесовте ваква одлука.

Господинот Љубен Пауновски побара збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Деловнички, очигледно се е во ред со овој предлог и станува збор за предлог само околу дневниот ред на денешната седница и образложениeто кое го слушнавме, пред се од СДСМ гледаме дека во 5 минути може да се каже се, се што се има да се каже.

Од друга страна бевме сведоци речиси за сите седници кои досега ги одржавме каде лидерот на СДСМ редовно е отсутен, доаѓа за да дискутира 30 до 60 минути и најчесто да фрли политички бомби, од типот на тоа дека ние правиме меѓународни заговори, со воспоставување добрососедски односи со некои од нашите соседи, обвинувања до тој степен кои можат да добијат сериозни квалификации за обид за нарушување на меѓународни релации. Ако тоа е целта и желбата на опозицијата и понатаму на таков начин да го спречува функционирањето на Парламентот, кој впрочем треба да работи и да донесе некои закони, врз основа на кои Владата да спроведе и преземе некои мерки и активности кои се од интерес за функционирање на целиот систем на државата, после целата оваа бегалска криза од три-четири месеци, очигледно опозицијата сега е заплашена дека конечно ќе се пристапи кон реализирање на суштинските економски прашања на оваа држава и да се отпоч-не дефинитивно тој развој.

Понатаму, имавме неколку примери од претходните седници, кои продолжуваа по неколку денови, каде што се зборуваше за се и сешто, само не за конкретниот случај. Во тој случај, исто така една од помалите опозициони партии која сега ја напушти седницата, по 40 и 45 минути зборуваше за некои месечарски теми, а не за она што беше тема на дневниот ред.

И уште нешто околу сето ова. Ми е жал што морам тоа да го зборувам во отсуство на пратениците на опозицијата, посебно на еден дел на пратениците кои како квалитетни индивидуи ги почитувам и тие мислам дека многу добро знаат дека најскапото нешто, значи моќта всушност е во мислата, во знаењето, односно во идејата. Нам ни е многу јасно дека најтешките работи се прашањата на реализација, зашто таму треба материјални средства.

Меѓутоа, најголем непријател за да се постигне сето ова, кое тие добро го знаат, е недостатокот на време. И ако некој мисли дека ние балкански се уште треба да се однесуваме, да дискутираме за една точка на дневен ред, 20 пратеници по 40 минути тоа се 800 минути, тогаш подобро - ова го карикирам "подобро" - нека не зафатат уште две бегалски кризи, отколку да имаме по 800 минути за дискусии за периферни работи.

На крајот јас би замолил тоа нека биде грижа на совеста на оние што си заминаа, а од љубопитство - лично ова го велам, да не бидам погрешно разбран - ме интересира дали на касата на Собранието ќе бидат подигнати дневниците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубен Пауновски.

За збор се јави господинот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Г. претседател, дами и господа, колеги пратеници, ние веќе сме сведоци дека има две незавршени седници и денешната одлука, што се однесува до ограничувањето на времетраењето на дискусијата, е во корист на сите граѓани на Република

Македонија, бидејќи ние овде во Парламентот не произведуваме, туку само трошиме, а имам сознание дека една седница чини од 10 до 15 илјади германски марки.

Затоа, ништо чудно не се случува во ова Собрание, туку со оваа одлука само сакаме да воспоставиме ред и да се придржуваме на дневниот ред.

Затоа, да не губиме време, да продолжиме со дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Павле Тодоровски се јави за збор, но не е во врска со ова прашање и после прочитувањето на дневниот ред ќе му дадам збор.

Тоа прашање е во врска со дневниот ред.

Збор побара господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Ние знаевме дека може да се случи ова што се случи. Не го одобруваме донесувањето на ваква одлука, што веќе реков во два наврати.

Исто така, и напуштањето на седницата не е баш симпатично и тоа не е добро. Но во секој случај, мислиме дека ќе треба да се седне и да се поразговара со сите пратенички групи, еве предлог до претседателот на Собранието да се надмине оваа ситуација.

Значи, не е добра ни одлуката, ниту пак напуштањето на седницата на Собранието. Ги имавме тие циркуси во изминатиот период, но во секој случај е право на секоја пратеничка група да постапи како што мисли.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Сосема краток ќе бидам.

Мислам дека напуштањето на седницата од страна на СДСМ и на ПДП, покажува дека се работи навистина за глумење на конструктивизам, затоа што ако сакаа навистина да бидат конструктивни, можеа да предложат, односно да дадат свој предлог, ако сметаат дека тоа лимитирање е преголемо, можеа да дадат на пример предлог, исто така во корист на рационализирање и на ефективно работење на Собранието, кој можеше да биде 10 или 15 минути.

Меѓутоа, очигледно намерата беше, тоа го потврдија и со излегувањето, да се блокира работата на Собранието и точно да се дојде до она за што сакаа да ја обвинат позицијата, а тоа е суспендирањето на работата на Собранието на Република Македонија и мислам дека треба да гласаме и да продолжиме со работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, иако ова е постскриптум, меѓутоа мора да се каже некој збор за ова напуштање на седницата од страна на опозиционите партии.

Кога гласавме за ограничување на дискусии до 5 минути, тоа не значи дека се однесува само за опозицијата, туку и за сите нас. Значи, ако тоа е не демократско, според нивните изјаснувања, тоа е се разбира и за нас. Меѓутоа, последниве седници слободно можам да кажам дека беа доста изманипулирани од страна на опозицијата, дури сите нас од позицијата не држеа како заложници во долги расправи, дури и не толку важни. Затоа е дојдено до состојба две такви седници се уште да не бидат завршени.

Точно е дека опозицијата има право и е во нејзина надлежност да се однесува така, да врши некоја опструкција за донесување на време на закони или на одредено време. Меѓутоа, не им се дозволува такво однесување, како на минатата седница, дури три-четири пати да земаат збор надвор од темата, надвор од она што е навистина здодевно за нас овде, а да не зборувам и за целата јавност која не следи постојано.

Можеби тоа е моето лично убедување дека опозицијата нема алтернативи во последно време ни политички и затоа сега се однесува вака конфузно, барајќи некој дежурен виновник, а како таков виновник сме ние од позицијата. Но, тие треба добро да седнат и да размислат за нови алтернативи во однос на демократизацијата и унапредувањето на ова општество.

Инаку, вакво однесување, демонстративно напуштање на седниците не е излез.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Алириза Лога.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, ќе го прочитам дневниот ред.

1. Предлог за донесување на закон за слободни економски зони, со Предлог на закон;

2. Предлог на закон за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската инвестициона банка по договор за кредит;

5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за залог на подвижни предмети и права, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судски такси, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за техничка инспекција, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за објавување на законит и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија", со Предлог на закон;

9. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател, заменик на претседателот, членови и заменици на членовите на Државната комисија за избирачкиот список;

10. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници;

11. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Гостивар;

12. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" - Скопје;

13. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Збор побара господинот Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседател, претставници на Владата, колеги пратеници, Ви се обраќам во врска со барањето за дополнување на дневниот ред по повод настанатите во ФЕНИ-МАК - Кавадарци.

Јас поднесов барање до Парламентот да се разгледа состојбата во ФЕНИ-МАК, каде веќе три дена трае штрајкот и утре ќе го блокираат патот за Прилеп. За да не продолжат овие непријатни состојби, ме задолжија да ја замолам Владата, во најкраток рок, да им овозможи средба со претседателот на Владата, министерот за финансии, министерот за стопанство и директорот на Агенцијата за обнова и развој.

Молам, ако може претставникот на Владата да даде рок до кога ќе се обави оваа средба или најдоцна до наредната седница на Собранието.

За ова барање има поддршка и од Пратеничката група на Демократската алтернатива.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Павле Тодоровски.

Има збор потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека треба да се организира таа средба со премиерот и споменатите министри, но мислам дека не треба да се стави на дневен ред на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тој не инсистира да се стави на дневен ред на Собранието, туку го актуелизира прашањето и во тој случај, ако има ваква гаранција, луѓето гледаат, не следат, во тој случај повеќе е насочено да се смири состојбата, да не дојде да речеме до ескалација на револтот на вработените.

Во таа смисла, имате гаранција дека утре ќе бидат од претставници на Владата примени.

Дали сте задоволен, господин пратеник?

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Ако има гаранција дека ќе бидат примени, задоволен сум.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас не го знам ангажманот на господинот премиер каков ќе биде во текот на наредните денови.

Ако случајно тој биде зафатен или е некаде на пат, има потпретседатели на Влада и со посочените министри ќе се оствари таа средба со овие работници.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со дневниот ред побара збор господинот пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван господин претседател, пред две седници предложив на дневниот ред на тогашната седница, мислам дека беше 22-та седница, да се стави една точка: Информација на Владата со програма и мерки кои ќе ги презема Владата за имплементација

на Пактот за стабилност.

Исто така, побарав Информација на Владата за политиката што ќе ја води нашата земја и програмата на мерки и активности за спроведување на Резолуцијата за Косово, што ја донесе Советот за безбедност.

Тогаш од претставник на Владата беше објаснето дека за таа седница не се во состојба да достават информација, но прифатија да достават за наредната, значи за 23-та седница. Тогаш кога се утврдуваше дневниот ред на 23-та седница на Собранието не сакав да интервенирам, може една седница да се пропушти.

Сега предлагам тие две информации да се стават на дневен ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе по укажувањето на господинот Стојан Андов.

Има збор министерот за надворешни работи Александар Димитров.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Точно е дека пратеникот Стојан Андов достави ваков предлог, во врска со обврските на Владата, односно на Република Македонија, околу имплементацијата, како што беше кажано, на Резолуцијата 12 и 44 на Советот за безбедност. Таква информација е доставена до Владата и прашање е на денот кога ќе ја добие.

Во однос на имплементацијата на Пактот за стабилност, колку што и вам ви е познато, се очекува Самитот на земјите кои партиципираат во Пактот за стабилност за Југоисточна Европа. Владата ги презема сите мерки да се подготви за настапот на Самитот и во рамките на ресорите се преземени неколку конкретни активности, од изготвување на проекти, контакти со соседните земји, контакти со меѓународните финансиски институции и сето тоа кога ќе биде во една од фазите заокружено, веројатно веднаш после завршувањето на Самитот, ќе биде доставено како еден по сеопфатен преглед или приод на Владата кон имплементација на Пактот за стабилност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот министер за надворешни работи.

Го молам господинот Стојан Андов за свој коментар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, ова беше заклучок на Собранието, да се уврсти во дневниот ред и едната и другата информација, веќе на Дваесет и третата седница. Сега е Дваесет и четврта седница.

Мислам дека Собранието за овие информации треба да расправа, да даде сугестии. Тоа се многу важни активности што и престојат на нашата земја, а на нас ни се случуваат некои состојби и некои работи за кои везден се жалиме на појавите, како овој не изиграл, оној не изиграл. Немаме овде никаква претстава дали се планирало нешто и како се планирало и врз која основа. Јас немам ништо против, Владата нека си работи, меѓутоа треба да го информира Собранието и да предложи што ќе работи, а овде да добие поддршка, да добие сугестии. Тоа се клучни работи. Тоа се два акта кои се сега нај актуелни во Европа, а и во регионот.

Не сум задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали можеме да заклучиме, бидејќи ние имаме уште една седница на Собранието, Дваесет и петтата седница закажана за 28 јули, па до Дваесет и петтата седница Владата врз основа на сознанијата што до тогаш ќе ги има, да ни подготви Информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Прифаќам за наредната седница да имате Информација, за се што досега е направено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Андов дали сте задоволни со одговорот, за наредната седница да добиеме Информација.

Претставникот на Владата прифаќа на наредната седница, со тие сознанија што ги имаа до тогаш да достават Информација до Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, нека биде и на наредната седница.

Меѓутоа, мислам дека не се разбираме.

Јас не знам дали Собранието ги доставува неговите заклучоци до Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се доставуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако се доставуваат, тие беа должни да дадат Информација на Дваесет и третата седница. Не ја дадоа. Сега пак да не влезе во дневен ред.

Треба да се констатира дека или не функционира нешто меѓу Владата и Собранието или Владата прифаќа овде, а после не ги извршува обврските.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не сакам да ја бранам Владата, веројатно и Владата има...

Сакам да кажам, Владата ако прифати обврска треба да биде исполнителна во однос на обврските.

Јас во таа смисла тоа сакав да го кажам.

Инаку немам никаков друг коментар.

Немам никакви спорови околу ова прашање.

И не само по ова прашање, туку и по пратеничките прашања немаме добиено многу договори и т.н.

Јас ќе ја потсетам повторно Владата со писмо.

Инаку во однос на заклучоците ние веќе наредниот ден сите предлози и барања ги доставуваме до Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, овде не се работи за пратеничко прашање.

Се работи за заклучок на Собранието, кој беше усвоен по предлог на претставникот на Владата. Мојот предлог не беше усвоен на таа седница да се uврсти. Претставникот на Владата предложи на првата наредна седница. Јас поминав преку тоа што тогаш не можеа, верувам, можеби не можеле. Но сега уште еднаш не можат да го направат тоа. Ова не е напад на Владата.

Јас сакам Собранието да понесе дел од одговорноста за активноста на земјата по тие важни прашања. Мислам дека тоа му е уставна обврска, а и времето е такво. Тоа е Собранието како да и помогне на Владата, а не да ја напаѓаме Владата. Затоа не бил овде некој да ја брани Владата. Инсистирам да работиме сите во согласност со одговорностите што ги имаме по Уставот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во ред е и мислам во тој дух е и прифаќањето на претставникот на Владата на наредната седница да имаме информација за овие прашања, до оној момент до кој што ќе дојде Владата.

По дневниот ред има збор уште пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа претставници, почитувани претставници на средствата за јавно информирање.

Од Владата барам Информација околу следната работа: Во мојата изборна единица 63 која се наоѓа во општина Гази Баба - Скопје, лоцирана е Скопската млекарница како една од најголемите млекари во земјата, која се наоѓа во една мошне незавидна и засега барем не излезна ситуација, т.е. од 1992 година се наоѓа под стечај и до ден денес со нерешен статус, како по однос на државата, така и по однос на вработените, како млеко преработувачи и кон кооперантите на Млекарата, како млеко производители.

На вчерашниот состанок на ниво на синдикат во состојба на пред штрајк, во проширен состав со вработените од двете заинтересирани и засегнати страни, млеко производителите и млеко преработувачи на кои беа поканети и присутни претставници од Независниот синдикат на РМ, претставници од подрачната единица на Министерството за стопанство, стечајниот управник назначен од Стечајниот суд и јас бев поканет и нормално присутен како пратеник од тој дел.

На вчерашната средба слушнавме големо патешествие, економски диверзии со политики од претходната Влада која поигрува со горе кажаните страни за не контролиран увоз и на не квалитетно радиоактивно млеко и млечни производи, а поготово во оваа сезона са увоз и форсирање на Битолската за сметка на Скопската млекара, за транспорт на млеко од 10 до 15 тона од Скопје до Битола и од Битола преработено млеко и млечни производи до Скопје, каде се јавуваат дупли транспортни трошоци, кои ја оптоваруваат цената на млечните производи.

Наместо млекото произведено во скопскиот регион да се преработува во Скопската млекара, тоа се транспортира, како што веќе кажав. Тие немаат ништо против млекото произведено во Битола да се преработува во Битола, со што би работеле двете млекари.

Од нас претставниците на власта, беше побарано да се заложиме во решавање на овој проблем со враќање на млекара во редовна работа. Од мене како пратеник од таа изборна единица беше побарано, во Парламентот, од Владата на Република Македонија за првата наредна седница да побарам информација за млеко производството и млеко преработувачката во Република Македонија и тоа колку млеко и млечни производи по категории и треба на Република Македонија во текот на една година, колкаво е производството на млеко и млечни категории по категории, дали има дефицит или суфицит во млеко производството и млеко преработувачката и во тој контекст каква е политиката на Владата за усогласување на оваа гранка од стопанството на Република Македонија. Во

оваа насока дали Владата мисли да го развива сточниот фонд во Република Македонија и дали со не контролиран увоз на млеко и млечни производи мисли да се потпреме на увоз со што се запоставува оваа гранка на производство која ангажира доста луѓе, време и пари.

Уште еднаш ќе повторам, во контекст на горе изнесеното, доколку е во можност Владата на Република Македонија да изготви комплетна информација. Доколку не е во можност, тогаш Информацијата да биде изготвена за втората наредна седница. Тоа е едната Информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Тодоров Ѓорѓи за поставеното прашање.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Имам уште.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Внимавајте на времето. Една минута имате.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Добро, ќе оставиме за утре.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, по однос на ова прашање.

Има збор министерот за земјоделие, господинот Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Ние како Министерство за земјоделие ќе изготвиме таква Информација, во која ќе бидат согледани сите проблеми и на наредната седница на Парламентот ќе биде доставена таа информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако нема повеќе за дискусија, ве молам да гласаме по предложениот дневен ред.

За предложениот дневен ред гласаа 69 пратеници.

Воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на првата точка - Предлог за донесување на закон за слободни економски зони, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот Милијана Даневска, министер за развој.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине претседателе.

Овој документ е утврден од страна на Владата, согласно програмата за поттикнување на инвестициите, со посебен осврт за привлекување на странските директни инвестиции и претставува еден од повеќето механизми за привлекување на странските директни инвестиции. Тоа не е нов институт, ниту во Македонија нито во земјите во транзиција, присутен е, познат е, со повеќе позитивни или негативни искуства, но во секој случај е значаен инструмент, како што спомнав за привлекување на странски инвестиции.

Во Македонија се уште важи Законот од СФРЈ од 1990 година со измените на Законот од 1993 година. Тоа е Законот за слободни царински зони.

Минатиот Парламент на предлог на Владата донесе Царински закон, чија примена треба да отпочне од 01.01.2000 година и во посебен дела на овој закон се утврдува проблематиката на слободни зони. Досегашното искуство во Македонија не го потврди институтот слободни зони. Од тие причини, а поаѓајќи од нашите програмски определби на Комисијата, Програмата донесена од страна на Владата за привлекување на инвестициите, пристапивме кон изградба на нов концепт, нов законски проект. Тоа е овој проект што денес го имаме пред нас за расправа, Законот за слободни економски зони.

Искуството на значаен број држави во транзиција ни покажува дека постојат различни термини за оваа материја. Некаде се употребува слободни економски, некаде слободни производни зони, трговски зони, во некои земји слободни агро зони и т.н.

Ние поаѓајќи од терминологијата и духот на светската трговска организација се определивме за ваков пристап при дефинирањето на овој поим и при концепцијата на овој закон.

Основни цели на овој закон според нас треба да бидат: заживување, интензивирање на инвестициониот циклус, пред се лесни странски директни инвестиции, понатаму одобрување на просторната рамнотежа, што ќе обезбеди по рамномерно разместување на индустриските капацитети и по рационално искористување на просторот.

Основна придобивка од овој закон што се очекува, е зголемување на бројот на нови вработувања, понатаму зголемување на

извозот, трансферот на технологијата и особено зголемување на компетитивноста на македонското стопанство.

Сосема накратко за содржината на законот.

Во член 2 од законот дефинирана е категоријата слободна економска зона, каде што се кажува дека тоа е дел од територијата на Република Македонија, посебно оградена, означена, во која како целина, според пропишаните услови се вршат стопански дејности и во кои важат посебни даночни царински и други погодности.

Во член 3 се утврдуваат основните услови со кои може да се основа слободната економска зона, меѓу другите обезбедување определени технички претпоставки, инфраструктура од страна на основачот, услов е да се обезбеди извоз на стоките и услугите, најмалку од 70%, но градуелно првата година тој услов би бил од 51%, во втората година 62, а во третата 70 и последователно сите наредни години 70% треба да биде обезбеден извоз на производите и услугите од слободната зона. Исто така потребен е почетен капитал како и остварување на економски и други активности кои се прифатливи од еколошки аспект.

Законот го третира проблемот на слободните економски зони, согласно со Просторниот план и со деталното урбанистичко планирање и во исто време го предвидува и начинот на просторното уредување, од носно оградување на слободната економска зона.

Во овој документ се утврдуваат поимот на основач и корисник и во едниот и во другиот случај, обезбеден национален третман и можност како домашно и странско правно лице да биде основач и корисник, со тоа што во случајот на корисник покрај правно, може да биде и физичко лице, регистрирано за дејноста што ќе се врши во зоната.

Законот содржи елементи за процедурата која нај сублимирано може вака да се претстави: барателот поднесува писмено барање до надлежниот орган надлежен за управување со слободните економски зони, а Владата, врз основа на одобрувањето што го дава органот надлежен за слободната зона дава согласност за основање на слободна зона.

Конечен акт со кој зоната отпочнува со работа е решението од надлежниот орган за слободни економски зони. Тоа всушност е Дирекцијата, Дирекцијата за слободни економски зони, која што е орган на Владата со која раководи директор именуван во мандатен период од 4 години. Основни функции на оваа Дирекција би биле, утврдување на економскиот интерес, понатаму развојниот аспект во уредување и спроведувањето на политиката за слободни зони, поголема ефикасност во стопанисувањето на слободните зони и скратувањето на процедурата за обезбедувањето на неопходните производи.

Идејата е Дирекцијата да работи по принципот на едношалтерски систем, која што ја инагуриравме како нова Влада, како институт потребен за функционирање во целата држава. Но во овој повод по овој закон ние сме спремни во овој момент да го инагурираме, да го обезбедиме системот на едношалтерско работење. Идејата е Дирекцијата да ја координира работата на обезбедување на дозволи неопходни за функционирање на зоната, што значи дека ингеренциите во ресорните министерства остануваат, значи не се дерогираат ингеренциите на ресорните министерства, туку напротив се врши координација и побрзо обезбедување на тие неопходни дозволи од страна на Дирекцијата за инвеститорот.

Исто така Дирекцијата ќе има промотивна активност во обезбедување на нови инвеститори и што е уште поважно, по долгорочно поврзување на домашните и странските инвеститори во функција на побрз развој на земјата.

Во однос на дејностите кои е дозволено да се вршат во земјата, утврдено е дека тоа може да биде производство и услуги за извоз, промет на големо, надворешно трговски промет, банкарски и други финансиски услуги, осигурување и реосигурување, освен текстилната индустрија.

За привлекување на инвеститори во слободните зони неопходно е да се дадат соодветни поттикнувања, погодности што како инструмент го применуваат сите земји, кои што се определуваат за агресивна политика во обезбедувањето на што поголем инвестиционен циклус. Во законот тие погодности се предвидени. Токму од тие причини ние обезбедуваме во посебни членови вршење на надзор, проверка, внесување и изнесување на стоката во и од зоната и евидентирање на истата.

Во однос на погодностите главни погодности кои државата ќе ги дава на инвеститорот, тоа се граничните и царинските погодности, односно даночните погодности каде законот тоа го утврдува дека, ќе бидат овозможени ослободување од плаќање на данок на промет. Тоа всушност го

обезбедува Законот за додатна вредност, но во меѓувреме ние ја обезбедуваме оваа повластица. Понатаму, ослободување од данок на добивка во временски период од 10 години, како и даноци на недвижности и други видови на сопственост на корисниците во зоната.

Во однос на ослободувањето постојат ослободувања и одредени инфраструктурни давачки. Како и за нас така и за странскиот инвеститор најважна погодност е обезбедување на соодветен сопственички статус врз земјиштето. Ние тоа го даваме преку можноста да се направи закуп врз недвижноста на 50 години со можност за продолжување од 25 години со можност за подзакуп.

Останатите можности ќе бидат предвидени во законот за градежно земјиште, кој ќе биде наскоро во парламентарна процедура и за кој во колку постојат по поволни решенија, во принцип е обезбедено странецот да ги користи тие поповолни можности. Тоа е обезбедено и во Уставот и во Законот за трговски друштва и духот на овој закон тоа му го овозможува. Не само во овој случај, туку генерално во принцип за сите други можности.

Основна интенција преку овој нов концепт на Законот за слободни економски зони на Владата беше да се обезбеди максимално поттикнување на претприемаштвото и инвестициониот циклус. Најнапред, кој ќе обезбеди нови вработувања и ќе обезбеди вработување, промоција на стопанските дејности во зоната со домашното стопанство. Понатаму интенцијата беше да се обезбеди максимална заштита на инвеститорот, бидејќи без обезбедување на заштита и соодветни гаранции на странскиот инвеститор, односно на инвеститорот воопшто кој ќе биде основач, не можеме да очекуваме било каков интерес. Од тие причини е логично да се даваат сите овие и гаранции, но и погодности за странските и нашите инвеститори.

И конечно ние сакавме и мислам дека обезбедивме сите механизми за максимум заштита на државните интереси, особено на домашната индустрија и домашниот буџет, преку елиминирање на сите потенцијални можности за евазија на даноците, кои како инструменти сме ги предвиделе во долги консултации на современата и теорија и пракса во подготвувањето на овој закон.

Инаку овој закон ги помина и расправите на комисии во Собранието, понатаму имаше широка расправа Стопанската комора, беа вклучени повеќе странски експерти, а исто така беа посетени и на лице место се виде искуството од работа на повеќе слободни економски зони во соседството.

Така што, на мислење сме дека овој закон во целост ќе ги исполни очекувањата и основната цел да го мобилизира инвестициониот циклус, што е можно побрзо, со цел за развој, пред се за сузбивање на високата стапка на невработеност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за објаснувањето на основните интенции, содржани во законот од министерот за развој, госпоѓата Миљана Даневска.

Отворам расправа. Дали некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Гошев Петар.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Сакам процедурално да кажам нешто, претседателе.

Мене министрите особено еден дел од нив кои ги познавам можеби по десет и петнаесет години ми се мошне симпатични. Немам ништо против.

Министерската Даневска ја познавам можеби 15-тина години исто така, немам ништо против.

Таа зборуваше 12 минути, а Собранието ги избра министрите и Вие како професор по уставно право ги познавате многу добро хиерархиските редови на нештата овде. Ние, пратениците се ограничивме да зборуваме, самите се казнивме да зборуваме 5 минути.

Навистина се доведуваме во некои крајно, крајно нелогични ситуации.

Инаку, јас би ја слушал со задоволство и 30 минути и 45 минути. Значи, не се работи за тоа. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас се согласувам, мислев дека тоа не се однесува на министрите, кои ги образложуваат законските предлози.

Но, ќе се држам и за наредните дискутанти, министри да се придржуваат и да бидат концизни, во рок од 5 минути да го објаснат тоа што треба да го објаснат, како што заклучивме на почетокот на седницата.

За збор се јави господинот Пемов Илија.

Процедурално бара господинот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Процедурално се јавив, затоа што обично не споменувам имиња, но овој пат

господинот Гошев сега нели, мислам на пратеничката група, не ми е јасно зошто на господинот Гошев не му е јасно дека, ако станува збор за вакви документи, дека министерот има предност да ги изложи. Тоа е едната работа. Тоа е многу јасно.

Втората работа, јас не можам лично, навистина да разберам, дали станува збор за чести процедурални интервенции што отстапуваат дури и од темата, за тоа разговаравме, се договараме да не губиме време или за евентуално инсистирање можеби после две-три работи, можеби да се направат исти постапки.

Така што би било згодно или да го користиме времето за кое се договоривме рационално и да се држиме до темите или да се определиме за што.

Денеска имаше повеќе избори. Некои се одлучија за тоа за што се одлучија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека министрите ќе треба да бидат многу по концизни и да го почитуваат начелниот став на пратениците.

Сепак ние сме го добиле тој закон, сме дискутирале по комисии и не треба да ни се прераскажува законот.

Накратко за јавноста да се кажат основните интенции. Сега тука, пет-шест минути, не ќе можеме да прекинеме.

Господинот Јордан Бошков и господинот Пемов Илија се јавија за збор.

**ЈОДАН БОШКОВ:**

Побарав збор и сакам да се произнесам околу точката.

(Пратеникот Петар Гошев бара реплика).

Јас нема да навлегувам во тоа колку е упатно предлагачот на закон или на амандман да има свое излагање.

Според мое видување ова не се однесува на предлагачите.

Законот што сега е во процедура, сакам да го поздравам, посебно интенцијата во Република Македонија, граѓаните, правните лица можат, независно од кое потекло, дали се домицилни или од странство, можат да го доживеат целосниот сервис на државната управа. Нам ни е неопходно управата во Република Македонија, да ја осовремениме. Таа интенција е сосема на место и со овој предлог гледаме дека конечно ќе се постапи и ќе тргнеме кон таа реализација.

Имам прашање до министерската дали е подготвена да даде и временски рокови како ќе оди имплементацијата? Кога нашиот граѓанин може реално да очекува дека ќе го добие тој сервис од државниот апарат? Дали е потребна една, две или осум години, со кои распони вие располагате?

Јасно е дека од услужливоста на апаратот ќе имаме и готовност кај инвеститорите. Затоа сакам тоа да го појасните. Инаку многу ми е жал што опозицијата по овој важен закон, нашла засходно да отиде од салата. Јас тоа не можам да го поздравам.

Ограничувањето, на дискусиите според мене е на место.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Бошков Јордан.

Министерот може да даде одговор на крајот, можеби ќе има и други прашања.

Да ги ислушаме пратениците, па на крајот министерот ќе каже, а ќе му дадеме толку време колку ќе има прашања.

Дали господинот Гошев бараше процедурално збор?

Бидејќи се појавија други имиња, мислев дека сакате да се јавите за дискусија, повелете.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Не сакав по ова прашање повеќе да правам проблеми и да дискутирам за прашање, за кое што веќе се изјаснив.

Но, не може се да се оправда со сите можни зборови.

Мене ми е јасно господине Пауновски, зошто СДСМ исто така правеше обиди за ограничување на дискусиите во изминатиот период кога беше на власт. А, имаше такви обиди, против кои сум бил секогаш. Јасно ми е и сега зошто има такви обиди.

Но, не ми е јасно зошто членови на Парламентот се доведуваат во инфериорна положба, во поглед на извршната власт? Тоа нема да ми биде никогаш јасно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да го прочитам членот што пред малку го слушнавме - по предлог од претседателот или од еден делегат кој го поддржуваат најмалку 10 делегати на седницата, може да се одлучи говорник по исто прашање да може да говори само еднаш, како и да се определи времето на траењето на говорот.

Според тоа, овде се определивме. Во секој случај, оценете според значењето на законот и т.н., јас апелирам до членовите на Владата да бидат по концизни, по јасни ние сме расправале, сме го претресле прашањето

и ова е повеќе заради јавноста да се запознае со содржината на законот. Ништо повеќе.

Сакате процедурално господине Пауновски. Повелете.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

И претходно зборував за тоа, да не правиме забуни.

Деловникот е многу јасен и по втор и трет пат го прочитавте.

Друга работа, министерот нека зборува десет или петнаесет - дваесет минути како претставник по однос на некое прашање.

Доколку пратениците, во име на народот како народни избраници го искористи правото на 5 минути, 120 пратеници се 600 минути или цели 10 часа посветени ан една точка од дневниот ред.

Значи, немојте да правиме забуна дека е не рамноправна положба, посебно со пратеничко искуство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека го расчистивме ова прашање.

Одиме понатаму, за збор се јави Пемов Илија, па потоа Карангелески Раде.

**ПЕМОВ ИЛИЈА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Владата, дами и господа пратеници, како што сите добро се сеќаваме на предизборните митинзи претседателот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Георгиевски, ја промовираше идејата за слободни зони. Тој најави дека, доколку ги добие изборите ќе изградиме три слободни индустриски зони, странците кои ќе инвестираат во нив ќе вработат наши невработени, ќе бидат ослободени од данокот на профит за период од десетина години.

Сите добро се сеќаваме и на телевизискиот дуел меѓу претходниот и сегашниот премиер, непосредно пред вториот круг на изборите. Една од темите тогаш беше и ова предизборно ветување, за градење слободни индустриски зони. Тоа беше критикувано со образложение дека, никаде во светот не постојат и не функционираат континентални слободни зони. Тогаш малку пребарав по интернет и лесно пронајдов дека во 1997 година во земјите во транзиција од Источна Европа, Балтичките и други земји кои настанаа по распадот на СССР, постоеле повеќе од 60 специјални економски зони.

Бидејќи немам време да ги читам сите, само ќе кажам пример дека во Чешка имало тогаш 11 слободни зони, од кои три во Прага, а првата е отворена во Острава во 1991 година. Во Полска имало седум оперативни специјални економски зони, а прогласиле уште други 13.

Многу од овие слободни царински трговски или економски зони, се изградија на морски или речни пристаништа. Многу од нив се континентални изградени на аеродроми, изградени на гранични премини или во внатрешноста на земјите. Очигледно дека функционира.

Ова може и да не го знаеме, но треба да знаеме дека тука во Македонија имаме слободна зона. Во Македонија веќе постои 10 години и функционира. Јас тоа можам да го потврдам, бидејќи самиот работев таму се декември минатата година. Тоа е слободната зона Фенимак во Кавадарци.

Врз основа на Законот за царински зони од 1985 година СИС на СФРЈ донесе решение со кое на РО ФЕНИ и издаде согласност за основање царинска зона во Кавадарци, на површина од 101,5 хектари стопански простор на Топилницата за производство на фероникел, заради вршење на дејности индустриско производство на роба за извоз и услуги во оплеменување, складирање и манипулација со странска роба. Ова решение потпишано на 26 јули 1989 година од сојузниот премиер господинот Анте Марковиќ. Еве, имам фотокопие од тоа решение.

Понатаму, со Законот за слободни царински зони од 1990 година Царинската зона ФЕНИ продолжи со работа како слободна зона. Врз основа на тој Закон, Царинската управа на СФРЈ на 9.05.1991 година РО ФЕНИ како основач на слободната зона во Кавадарци и издаде уверение дека ги исполнува условите за спроведување на царински надзор во слободната зона во Кавадарци, на површина од 88,5 хектари дел од слободната зона што е прописно ограден. Имам копие и од тоа уверение.

Понатаму, врз основа на истиот Закон за слободни царински зони, што е преземен како републички пропис, Владата на РМ донела, со кое се дава согласност на ФЕНИМАК, да основа слободна зона во Кавадарци. Решението еве е поптишано од претседателот на Владата на РМ, господинот Бранко Црвенковски на 31 јануари 1994 година. Сега со овој закон што треба да го донесеме членот 46, на слободните зони, основани врз основа на Законот од 1990 година им се овозможува да продолжат со работа како слободни економски зони, според одредбите на овој закон. Значи, веќе една деценија во Кавадарци имаме слободна зона на површина од 101,5 хектари, од кои 88,5 хектари се потполно оградени со прописна ограда

висока 2,5 метри, со електрично осветлување до селата, ограда околу зоната. Зоната располага со комплетно изградени електро - енергетски објекти, водовод, канализација, телефони, централно греење, чуварска, ПП служба, менза, посебно организиран превоз на вработени. Зоната има прописни влезови со рампи и ваги за мерење на железнички вагони, теретни возила, во неа влегува железничка пруга. Знаејќи дека италијаните бараат зона близу до аеродромот, Аеродромот Петровец е оддалечен од ФЕНИ само 70 километри, од кои 60 се автопат. Иако во слободната зона се наоѓаат објекти што ги користи топилницата, таму има повеќе објекти, хали, магацински простори, што се се користат и се слободни веднаш да се пренаменат за производство.

Затоа, за подобрување на тешката економска социјална помош во Кавадарци, мој предлог е да се користи и постојната потполно функционална слободна зона во Кавадарци, за привлекување на домашни и странски инвеститори, организирање на производството, со складирање на стоки со сите бенефиции што се гарантираат со овој закон и со тоа да се вработат барем дел од големиот дел невработени во Кавадарци.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ги молам сите пратеници кои се надвор од салата, да покажат барем тие сериозност и еден час да не излезат од оваа сала, затоа што навистина имаме да гласаме. На работ сме на кворумот.

Ќе ја прекинам седницата, затоа што покажуваат навистина голема не дисциплинираност.

Не можат 15 минути да седат во овие удобни столици.

Сега отиде опозицијата, тоа значи дека проблемот ќе биде кај нас.

Ако овде не видам минимум 61 пратеници, во тој случај ќе ја прекинам седницата, па нека шетаат по ходници и каде сакаат нека одат.

Извинете што сум малку револтиран.

Дадовме пауза, се одморија и повторно пет минути не може да седат на своите места.

Постојано звонат мобилите, како да сме овде бизнис клуб, а не Парламент.

Збор има господинот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници.

Со особено задоволство го поздравувам Предлогот за донесување Закон за слободни економски зони, од повеќе причини.

Како пратеничка група на Демократската алтернатива, ќе гласаме за донесување и ќе гласаме за текстот на Законот.

Начелно ќе се осврнам зошто тоа го велам.

Очигледно, многу примери во светот на други земји кои имаат не една, туку повеќе слободни царински зони. Од започнување на етаблирање на такви зони во нивните земји и надвор од земјите, покажуваат дека подемот, токму економскиот подем на тие земји, започнува со отворање на тие економски зони од соображенија што се привлекуваат странски инвестиции, кои како што знаеме во сегашната економска ситуација во Република Македонија колку се неопходни и потребни, а се знае дека и по програмските определби на Демократската алтернатива беше за донесување на економски зони.

Од друга страна се залагаше за тоа да се отворат што повеќе работни места, за да се намали големата невработеност, што за време на кризата, односно за време на промената на власта изнесуваше околу 32%. Ова овозможува услови за еден интензивен и економски развој, привлекување на странски инвестиции, вработување на голем број невработени стручњаци, по сите нивоа на образование.

Од друга страна, исто така овозможува донесување на нови технологии, нови знаења од странските инвеститори, како што една позитивна страна треба да се гледа и како евентуално привлекување и враќање можеби на оние наши едуцирани и квалитетни стручни кадри од надвор, односно и спречување на одлив на добрите стручњаци од сверите, кои што ќе се занимаваат со одредени дејности во економските зони. Така што ќе се воспостави една рамнотежа не само локациски во просторниот план на Република Македонија, туку и во однос на задржување на високостручните кадри, во системот на привлекување на нови технологии. Да не ги спомнувам аспектите за животната средина и зголемување на извозот и се она што значи позитивна придобивка од економски аспект.

На крај уште еднаш би спомнал дека и мене лично ми е задоволство да имаме модерно направен и по структура, создаден закон и со заложба тоа брзо да се спроведе и во пракса.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани членови на Владата, со оглед на економската состојба во која се наоѓа Република Македонија од една страна, а од друга страна искажаните цели на коалицијата за радикални економски реформи кон подобрување на стандардот на граѓанинот, а кои се совпаѓаат со образложението што го даде министерот, пратеничката група на ДПА ќе го поддржи овој предлог на закон.

За да не се повторувам, мислам дека овој Предлог на закон нуди квалитативно решение, кое е компатибилно исто така со вакви решенија кои се покажаа успешни во најмногу случаи во земјите кои поминале транзиција, од многу сиромашни во функционални системи, особено во сферата на привлекување на странски инвестиции.

Значи се работи за воспоставување функционален систем во рамките на преобразба на производството, со овие нови можности што ги овозможуваат слободните економски зони, кон пазарната економија и конкуренцијата, или компетитивност, стратегија која до сега очигледно недостасуваше.

Во име на пратеничката група на ДПА на предлагачите, односно на Владата им сугерираме во фазата на имплементација на овој закон, односно кога ќе се одредат слободните зони, да се има во предвид локациите да се распределат пропорционално на целата територија на Република Македонија, нормално на тие места кои ги исполнуваат условите за слободни зони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г. Љубен Пауноски.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани претставници од Владата и колеги пратеници, во оној дел што имав намера да говорам во контекст на поддршката околу овој закон, ќе го повторам само примерот што од првиот дискутант беше споменат, имено случајот со Чешка, каде што постоењето на 11 зони во 1997 година можат да се разберат дури и во контекстот на тој своевиден развоен бум што го направи оваа држава, една од бившите источни држави, во кои функционираше системот кој беше применет и во бившата југословенска заедница и само за неколку години направи таков подем, направи доверба кон западните партнери и отвори голем економски развој.

Овој закон е во контекст и на слободниот проток на капиталот и се разбира дека дури можеме да го разбереме со профункционирањето негово, за стимулирање не само на инвестициите кои би доаѓале од странство, туку и за мотивирање на идеите и иницијативите на домашното производство.

Подржувајќи го овој закон, само би посочил дека во наредниот период до почетокот на отварањето на овие слободни економски зони, се надевам дека тоа е земено во предвид. Барем според мене би требало да се направи, да се биде во тек, односно да се прави следење на движењата и промените во работењето на туѓите искуства, кои можеби во овој период се во извесна смисла имаат претрпено извесна промена, за да можат да се извршат евентуални потребни дополнувања. Се разбира и во оваа сфера постои прашање на конкурентност и секој инвеститор бара што поповолни услови за да ги направи своите инвестиции.

Втората работа што би била како сугестија, претстојниот период, да не речам веднаш да се изготви еден пропаганден материјал за понудата и можностите што со овој закон и со стартувањето на слободните економски зони, Македонија ќе го има како понуда и како можности за заинтересираните.

И на крајот би завршил со констатацијата дека во моментот кога ќе профункционираат овие слободни економски зони, кои секако не треба да очекуваме дека тие ќе стартуваат со целосна динамика од датумот кој тука е одреден, меѓутоа битно е дека процесот е започнат со донесувањето на овој закон, со терминот кој е тука прецизиран, веќе назначени се можностите кога заинтересираните можат да ги искористат овие поволности од законот, односно да влезат во тие слободни економски зони.

Но, факт е дека со профункционирањето на тие зони, тие на некој начин влегуваат во целата инфраструктура на државата, што може да се подразбере дека ќе бидат не само дополнителен мотив, меѓутоа и дополнителна одговорност на оваа Влада, за да не ги остави нив само како слободни економски зони изолирани, туку дека тие се дел нормално на развојот на целата инфраструктура на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и претставници на Владата, со големо задоволство можам да ја почнам оваа дискусија, бидејќи конечно она што веќе беше најавувано подолг временски период, од нашиот премиер, од Владата и воопшто коалицијата на промени, со овој закон ќе се отпочне и неговата конкретна имплементација и реализација на се она што беше ветено и се надевам дека ова ќе биде првиот економски закон од пакетот економски закони, кои што беа најавувани и кои што како такви ќе треба ова Собрание да ги поддржи, со цел стопанската активност, односно инвестиционата активност да заживее во Република Македонија. Посебно ми е драго заради тоа што се носи во еден период кога веќе сите скептици, а особено претставниците на опозицијата сметаа дека се работи само за некое вербално надигрување од страна на сегашниот премиер и на сите оние кои што веруваа во овој проект на слободни економски зони, веќе имаме законски проект многу конкретен, многу реален и би рекла доста стручно напишан, од причина што ваква слободна зона имавме можност да слушнеме и од обраќањето на министерката и од она што го знаеме досега веќе постоеше во Република Македонија, меѓутоа не така доволно јасно, односно правно, нормативно регулирана, како и на кој начин ќе треба да работи во понатамошниот период согласно и положбата што ја има Република Македонија и воедно она што се очекува во Република Македонија да биде приоритетно во оваа слободна зона. Тоа веќе во овој закон е направено, со тоа што во првиот дел, во делот на условите за основање на слободна зона во ставот 2 што ќе го прочитам: "од слободната зона се извезуваат стоки и услуги не помалку од процентот утврден со овој закон, освен во случаи на виша сила", кај мене предизвикува една забуна, од аспект на тоа што се подразбира под виша сила, дали е тоа правен термин конкретно реализиран. Лично јас го сфаќам дека се работи за земјотрес, поплава и некоја друга елементарна непогода, или можеби војна.

Меѓутоа, би било добро предлагачот тоа конкретно да го каже што се подразбира, односно дури можеби и да го напише, затоа што да не биде предмет на поинакво образложение од страна на корисниците на услугата на слободната економска зона, бидејќи се друго што овде е речено е конкретно и со бројки поткрепено, реализирано, така што мислам дека дава можност секој оној што ќе инвестира да ги знае своите права и обврски на почетокот, како и она што државата го бара од него.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што листата на дискутанти се исцрпи, ја молам министерката да даде свој кус коментар, по однос на поставените прашања.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Сега ќе морам да компензирам, да бидам пократка од тие пет минути, за да се движам во рамките на договореното.

Благодарам на поддршката на начелната дискусија од страна на членовите на Парламентот. Се приклучувам кон оценката дека е штета што досега не се размислувало за овој институт, дури и се оспорувал како реалитет, иако во постојното позитивно законодавство во една крајна конфузна и нејасна концепција тој постоел. Значи немало политичка волја за инагурација и за промовирање на овој институт. Тоа е една оценка со која што се согласувам со парламентарците, односно коментарот за ванстопот јас го наговестив како принцип, по кој што ќе работи Дирекцијата за слободни економски зони. Едношалтерскиот систем е замислен да работи на ниво на цела држава и за тоа постои посебен проект. Ние имаме јасна политичка волја дефинирано како коалиција за промени, до максимум да ја скратиме процедурата, да ја намалиме бирократијата во издавањето на дозволите и на тој начин претприемачот повеќе да се занимава со претприемаштво, а не со бирократија. Идејата е во една процедура до почетокот на идната година, или во почетокот на идната година веќе да го инаугурираме овој концепт на едношалтерско работење на ниво на цела земја.

Во однос на прашањето за виша сила, сакам да констатирам дека тој институт е утврден во правното, позитивното законодавство на Република Македонија. И од тие причини оценивме дека има потреба посебно да го дефинираме. Во однос на промоцијата дефинитивно тоа се вклопува во рамките на определбата на Владата за промоција на можностите за инвестирање на Македонија. Ние за тоа изработивме и програма за инвестиции, една максимално

интензивна, агресивна, промотивна политика. За тоа настапивме можам да ве известам во оваа пригода, заемот во Женева за ново основани пазари, во конкуренција од 40 земји го освоивме првото место, за најдобра презентација на конкретни инвестициони проекти.

Во таа смисла направен е цеде ром за инвестиционите можности генерално во Македонија. Сега со овој закон посебно ќе го вградиме и овој комплекс на можностите за инвестирање во слободните економски зони.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за слободни економски зони.

Ве молам да гласаме.

67 пратеници гласаа "за", воздржани и против немаме.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

65 гласаа "за", воздржани и против немаме.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 8 став 1 по кој Владата не се произнела.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 7 за бришење на став 3, член 8 став 3 и за додавање на нов став. Член 9 за преформулирање на став 3, член 15 став 1 и 3, член 16 став 1 и 5, член 17 став 1 и 2, член 18 став 2 и 3, член 20 став 3 и 6, член 21 став 1, 3 и 4, член 25 став 1, 4, 6, 7, 8 и 10, член 27 став 4, член 29 став 3, член 31 став 4, член 37 став 2 и 3, член 44 став 1 и за бришење на член 45, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандман на член 13 став 3 за бришење на точка 1, по кои Владата не се произнела.

Истовремено пратеникот Кирил Андоновски го повлече амандманот на член 13 став 3 точка 1.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 16 став 5 за бришење на точка 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман на член 3 став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓата министер Милијана Даневска.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор во врска со амандманот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Еден пратеник гласал "за", 5 "воздржани", 56 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 3 за бришење на точка 1, поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отварам претрес по амандманот на член 16 став 5 за бришење на точка 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отварам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, во врска со овој амандман од Комисијата за финансирање и буџет?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тодоров Ѓорѓи бара збор.

Повелете г-дин Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Пред да се стави амандманот на гласање побарав збор, бидејќи амандманот не е поделен меѓу пратениците и не знам за што станува збор и како ќе гласаме.

Тоа е мојот амандман. Сега се дели и како ќе гласаат луѓето кога не знаат за што станува збор.

Затоа, побарав збор, но Вие некако не ме забележавте дека побарав збор и продолживте со седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во секој случај, еве повторно се произнесе претставникот на Владата.

Еве амандманот е поделен, го имате.

Дали се согласува претставникот на Владата со поднесениот амандман?

Исто така, збор побара Радомир Карангелевски.

Дали побаравте збор по истиот овој амандман.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Не, по другите амандмани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега завршуваме по овој амандман.

Се уште не сме дошле по другите амандмани.

Вклучете ја госпоѓата министер Милијана Даневска.

**МИЛИЈАНА ДАНЕВСКА:**

По однос на амандманот од Комисијата за буџет, Владата се изјасни дека не го прифаќа истиот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, повторно не го прифаќа и откако Ви е поделен.

Во тој случај да прашам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласањето покажува дека 2 се за, 6 воздржани, 57 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 1 поднесен од Комисијата за финансираше и буџет.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор.

Г-динот Карангелевски побара збор.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Јас се извинувам, се јавив по амандманот од пратеникот Кирил Андоновски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тој помина веќе. Нема што веќе да дискутираме, тој се прифати. Составен дел е на законот. Го прифатија. Добро.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

За законот гласаа 63 пратеници, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за слободни економски зони.

Втора точка - Предлог на закон за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор.

Збор побара г-динот Гошев Петар.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, јас пред малку побарав од стручната служба да ми го подели договорот што е заклучен, што треба да биде ратификуван со овој закон. Стручната служба ми вели дека нема таков договор.

Јас сега сакам да го замолам соодветниот министер, дали го има тој договор, зошто го немаме тој договор и што се бара од нас пратениците да ратификуваме. Бидејќи овде вели Предлог закон за донесување по итна постапка на закон за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција.

Значи ние треба да ратификуваме некој билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција. Во текстот има некои раскажувања во некои членови за некоја содржина во тој договор, така отргнато фрагментарно, меѓутоа немаме ние договор, а овде се ратификуваат договори, спогодби на Парламентот, што ги заклучува со странски држави.

Ова е за мене една навистина не вообичаена ситуација. Досега не ми се случило мене некој да побара да ратификувам, да гласам, да усвојам нешто што го немам прочитано. Јас би сакал да слушнам едно образложение во врска со тоа што треба, всушност, да усвоиме ние денеска. Некој договор меѓу Република Грција и Македонија, што не е овде поделен меѓу пратениците. Пратениците не ја знаат содржината на тој договор. Тие што ја знаат содржината на тој договор што мислат дека е добар договорот, ако го потпишале, нека им е со среќа. Ама, ние пратениците да гласаме за нешто што не сме го прочитале, да го ратификуваме, јас навистина, не знам како во таа ситуација може да си дозволи Парламентот да ратификува нешто што го нема. Вие имате договор? Ова што го имам и јас? (Пратениците се изјаснуваат дека е тоа). Благодарам.

Јас би сакал да слушнам зошто пратениците го немаат договорот што се бара да се ратификува од Парламентот. Не одредби цитирани, истргнати од тој договор, туку договорот што треба да стапи на сила после ратификувањето на двата Парламенти, на Република Грција и на Република Македонија. Претпоставувам дека пратениците во грчкиот Парламент ќе го имаат тој договор и дека нема да гласаат за договор што не име поделен. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Петар Гошев за дискусијата.

Дали уште некој бара збор, во врска со оваа точка од дневниот ред? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 72 пратеници, гласале 59.

За законот гласале 52 пратеници. Воздржани се 7 пратеници, меѓутоа 61 пратеник не се присутни во салата.

Давам десет минути пауза да се приберат пратениците и да гласаат.

Јас не можам пратениците да ги соберам.

Овде се 59 пратеници кои што гласаа. 61 пратеник треба минимум да гласаат.

Еве, пратениците сега доаѓаат, па Ве молам господа пратеници, влезете внатре и почнете да гласате. Навистина ова не е коректно.

Молам, уште еднаш да го повториме гласањето, затоа што гледам дека дојдоа уште неколку пратеници.

Дајте сега да бидеме малку сериозни.

Молам, да гласаме по Предлогот на законот.

Вклучете го гласањето.

Вкупно гласаа 66 пратеници.

59 пратеници гласаа за. 7 се воздржани. Против нема.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод.

Процедурално за збор се јави г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Оваа точка од дневниот ред помина и ние ја прифативме и изгласавме да, меѓутоа како пратеничка група имаме некои информации, веруваме во овој договор што се прави, но сепак, редно е од Владата оние пратеници кои немаат увид во тој договор, навистина, мислам дека треба да го имаат. Тоа не треба да биде спорно. Јас очекував дека пред гласањето ќе биде одговорено на тоа прашање, мислам дека е таков редот и сметам дека немаме никаква потреба да оставаме дилеми ниту во Парламентот, ниту во јавноста, а најмалку кај медиумите, кои ако е се во како што е се во ред, барем непотребно и тие да трошат хартија.

Значи, таа пракса на работа треба да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, процедурално е во ред.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му

предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Ве молам, да гласаме?

64 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан, а против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам, да гласаме?

65 пратеници гласаа за. Воздржани нема. 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Ве молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 6 во новиот член 9-а, став 2 и 3 и во новиот член 9 без став 1 и на член 13, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 8 по новиот член 10-а, за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на новиот член 9-а став 2 и 3 и на новиот член 9-б став 1, 2, 3 и 4 и на член 13, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 3, член 6 во новиот член 9-б став 4, член 7, член 8 и во новиот член 10-а, став 2. За преформулирање на член 10, за менување на член 11, за бришење на член 12 и на член 13, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 10-а, за менување на став 2, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БАЈРАМ ПОЛОЖАНИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, претставникот на Владата се согласил со амандманот и го прифати.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, вклучете го гласањето.

За предлогот гласаа 62 пратеници. Воздржани нема. Против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Европската инвестициона банка по договор за кредит.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за. Против нема. 1 пратеник е воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Европската инвестициона банка по договор за кредит.

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за залог на подвижни предмети и права, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за залог на подвижни предмети и права.

Молам, да гласаме.

66 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за. Воздржани нема. Против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 2 и 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за. Против нема. Воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за залог на подвижни предмети и права.

Минуваме на точка 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси.

Ве молам да гласаме?

62 пратеници гласаа за. Воздржани нема. Против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за. Воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандмани на насловот на предлогот на законот на член 1 и 2 со, кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен делна текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

66 пратеници гласале за, 1 е воздржан и немаме против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за судски такси.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на Закон за техничка инспекција.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно

поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го освојува Предлогот за донесување на Закон за техничка инспекција.

Молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, воздржани и против немаме.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам да гласаме.

67 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4 став *2*, алинеја 2 и за преформулирање на алинеја 3. Член 8 став 2, член 10 за преформулирање на став 1, член 13, член 14, член 16, член 22, член 26 став 1, член 27, член 29 алинеја 1 и на член 31, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

66 пратеници гласаа за, воздржани и против немаме.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за техничка инспекција.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на Закон за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија", со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со, Предлогот на законот и Извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Законот за објавување на законот и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија".

Ве молам да гласаме.

63 пратеници гласаа за, воздржани нема и 1 е против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, против и воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Ве молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 4, член 10 став 1, членовите 11, став 3 и 18 став 1, на член 15, за издвојување на став 2 и 3, во нов член 15-а, член 16 став 2, член 20, за преформулирање на член 21 и на член 23 став 1, со кој се спгласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 17 за додавање нов став 2 и на член 18 став 1 за бришење на став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нов став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Дали го прифаќате овој амандман.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 и за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Дали го прифаќа претставникот на Владата. (Се прифаќа).

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, немаме против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за објавување на законот и другите прописи и акти во "Службен весник на Република Македонија".

Минуваме на точката 9 - Предлог на одпука за разрешување и именување претседател, заменик на претседателот, членови заменици на членовите на државната комисија за избирачкиот список.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

62 пратеника гласаа за, воздржани нема и 4 се против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател, заменик на претседателот, членови заменици на членовите на Државната комисија за избирачкиот список.

Минуваме на точката 10 - Предлог на одлука за разрешување од функција заменик претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

64 пратеници гласаа за, воздржани нема, 1 е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување од функција заменик претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Минуваме на точката 11 - Предлог на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Гостивар.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставан на гласање.

Ве молам, да гласаме.

66 пратеници гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Гостивар.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствена станица" - Железара Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

63 пратеници гласаа за, 1 е против и 1 е воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствена станица" - Железара Скопје.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања" - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

65 пратеници гласаа за, 1 е воздржан, 1 е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања" -Охрид.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам утре продолжуваме во завршувањето на точката од Дваесет и третата седница и неколку точки од Дваесет и првата седница.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата заврши во 15,00 часот).